**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**Од првото продолжение на 22-та седница на Собранието на Република Македонија, одржано на 1 јули 1999 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Саво Климовски, претседател на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Почитувани дами и господа пратеници, веќе имаме кворум повеќе од 60 пратеници се присутни, според тоа ја продолжуваме работата по 22-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ѓулистана Марковска и Марика Јорданова ме известија дека од оправдани причини се отсутни. Имаме 7-8 пратеници кои се отсутни поради присуството на семинарот РОС - РОТ во Охрид.

Преминуваме на 7-та точка од дневниот ред.

Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за експропријација, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за финансии г. Борис Стојменов, а збор побара пратеникот Кирил Настевски.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, дами и господа. Македонија во последно време се среќава со голем проблем на влез на странски инвестиции и од аспект на тоа што одредени прашања од областа на Законот за експропријација се јавуваат како пречки за влез на тие странски инвестиции. По конкретно сакам да кажам дека еве во изградбата на инфраструктурните објекти, како што е автопатот, а ќе се појави и изградбата на пругата, имаме проблеми со Законот за експропријација некои земјишта, некои предмети кои се од јавен интерес и од итен интерес претставуваат пречка за реализација на таквите инвестиции кои се од јавен интерес.

Еве конкретно да земеме објектот - автопатот север - исток. Ние како Влада предлагаме влез на странски инвестиции да се забрза итноста и ефикасноста во постапката на експропријација на оние објекти кои треба да се градат и кои се од јавен интерес.

Мислиме дека предложените решенија ќе придонесат да дојде до полн израз влезот на странски инвестиции во Македонија, кои се толку нужни за Македонија. Затоа бараме тој закон да се донесе по итна постапка и да се прифатат оние измени и дополнуваат кои ги предлагаме. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. Стојменов за дополнителните информации.

Има збор г. пратеник Кирил Настески.

**КИРИЛ НАСТЕСКИ:**

Сакам во врска со предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за експропријација да посочам неколку напомени, кои сметам дека отстапуваат од уставните определби за сопственоста на имотите на граѓаните.

Членот 12 во постојниот закон зборува за експропријација на дел од недвижност и за постапката на преотстапување на останатиот дел од недвижноста и под кои услови може тоа да се направи.

Во постојниот закон сопственикот на недвижноста можеше да побара и преостанатиот дел од имотот што се експроприра да биде експроприран без никакви поголеми ограничувања. Со измените на ставовите 1 и 2 од овој предлог закон за да се побара експропријација на преостанатиот дел од недвижноста, тој дел треба да биде, како што се вели, значително намален. На таков начин се ограничува можноста на сопственикот да бара експропријација на преостанатиот дел од имотот. Во пракса може да остане поголем дел од не експроприран имот, а да се амали економскиот интерес за неговото користење, а поради тоа што тој дел не е, како што се вели, значително смален, тогаш сопственикот не може да побара тој дел да се експроприра.

Покрај тоа не е определено кој ќе го утврдува тоа дека преостанатиот дел од недвижноста е значително смален како и останатите формулации во Законот нема економски интерес, отежнато или

оневозможено е неговото користење, битно влошени услови за живеење, работа и т.н., или нема критериуми за тоа.

На ваков начин за потребите на барателот на експропријацијата може да се експроприра само атрактивен дел од недвижноста, а да се наруши вредноста на делот што останува.

Во членот 12 се брише ставот 5, со кој можеше да се побара експропријација на преостанат дел од недвижности по 3 години од изградбата на објектот, заради кој е вршена експропријација. Со бришењето на овој став практично не можат да се согледаат штетите што настануваат на преостанатиот дел од недвижноста по изградбата и функционирањето на објектот. Нормално е тоа, во пракса го има, дека штетите на преостанатиот дел можат да се утврдат по изградбата и функционирањето на објектот што се изградил.

Сакам исто така да дадам определен коментар за членот 20. Два става од овој член ги укина Уставниот суд, а се однесуваа на влегување во владение на недвижност што се експроприра по донесувањето на првостепеното решение. Сега се предлага сосема нов член, но повторно се решава прашањето на влегување во владение по донесувањето на првостепеното решение на експропријацијата. Можеби е разбирливо вакви исклучоци да има поради природни катастрофи или за објекти од јавен интерес, како што тука беше изнесено од министерот утврдени со овој закон и со други закони. Нормално со членот 2 од овој закон утврдено е кои објекти се од јавен интерес за Републиката, а исто така и со другите закони се утврдуваат определени објекти кои се од јавен интерес. Не е разбирливо пред време да се влегува во владение поради јавни демонстрации и манифестации, тоа е апсурдно, ако некаде се предлага да има некаква манифестација и да се експроприра имотот и пред време да се влезе во владение заради некаква манифестација или јавни демонстрации.

Исто така не е разбирливо да се влегува пред време во владение заради реализација на детален урбанистички план. Практично тоа е широк дијапазон на случаи, нема ограничување, реализација на урбанистички план е се и сешто и она што не е од јавен интерес, нормално.

Сакам да напоменам и околу формулацијата да се влегува во предвремено владение, заради реализација на одлуки за определување на услови за градба. Сакам да спомнам дека пред два месеци со измени на Законот за просторно и урбанистичко планирање, формулацијата - услови за градба веќе се укина, односно не се издава никаков акт за услови за градба. Спрема тоа, ова е илузорно да стои.

Сето ова не само што е широка лепеза на случаи кога може пред време да се влезе во владение, туку практично во секој случај ќе може да се бара експропријација и пред време да се влегува во владение. Во ваков случај илузорен е новиот став 2 на членот 19 од Законот, каде жалбата го задржува извршувањето на решението, бидејќи ќе биде дозволувано пред време да се влегува во владение. Нема што да се жали. Такви жалби не ќе можат да се поднесуваат, правата на сопственост значително се ограничуваат и нарушуваат. Буквално се испоставува дека се може да се експроприра и секаде може да се влезе пред време, без претходно да се расчистат надоместоците или замената на недвижноста со друга недвижност.

Уште сакам да дадам неколку напомени во врска со членот 21. Овој член беше укинат од Уставниот суд, а се однесуваше на решавањето на имотно-правните работи во случај да биде одбиен предлогот за експропријација, а пред време се влегува во владение. Новиот член 21 е многу сличен на укинатиот. Очигледно предвременото влегување во владение носи големи ризици, како за барателот на експропријацијата, така и за сопственикот на недвижноста што се експроприра.

Ставот 2 од членот 21 значи само утеха дека ако предлогот за експропријација биде одбиен во понатамошната постапка, а претходно било предвремено влезено во владение, недвижноста се враќа на поранешниот владетел. Во вакви случаи недвижноста може значително да биде изменета, можат да бидат изградени капитални објекти, а велиме дека недвижноста што се експроприра се враќа. Тоа е сосема апсурдно.

Ценам дека ваквите видувања на измените и дополнувањата на законот за експропријација се оправдани, па според тоа предлагачот треба да направи нови согледувања и нови измени и дополнувања и законот, повторно да дојде пред Парламентот и да биде разгледуван во две фази. Тоа го поткрепувам со тоа што согласно Уставот на РМ се гарантира сопственоста, никому не може да му бидат одземени или ограничени сопственоста и правата освен кога се работи за јавен интерес, а јавниот интерес реков може да

се влезе пред време, но формулацијата на тој член сосема не одговара. Уставот не допушта јавниот интерес да се утврдува со друг акт, освен со закон Значи не може со првостепено решение да се влезе пред време. Јавниот интерес не може да се смета дека е утврден пред донесувањето на конечно решение, односно со донесување на првостепено решение за експропријација односно со решение за одземање од владение, пред да се спроведе експроприоционата постапка.

Заправо за кратко ви ги пренесов ставовите на Уставниот суд во врска со ова прашање. Сметам дека ќе биде корисно за граѓаните, а и за нас и за органите кои го спроведуваат овој закон уште еднаш да се седне да се обрне внимание на овие видувања и законот барем да дојде во следна фаза со овие предлози што ги кажав. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Кирил Настески.

Продолжуваме со расправа.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за експропријација.

Ве молам да гласаме.

За гласале 54 пратеници, 5 се воздржани и 11 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресот и Предлогот на закон.

Ве молам повторно да гласаме.

За гласале 54 пратеници, 13 против и 1 воздржан.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отварам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 1 став 3, член 3, член 4 став 2, 4, 5 и 8 и на член 5, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Чедо Петров поднесе амандман на член 4 став 7, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 3, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии г. Борис Стојменов.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманот од Законодавно - правната комисија се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3, поднесен од Законодавно -правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии г. Борис Стојменов.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманот од Законодавно - правната комисија се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 2, 4, 5 и 8, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии г. Борис Стојменов.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманот од Законодавно-правната комисија се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 7, поднесен од пратеникот.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор во врска со овој амандман? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За амандманот гласаа 18 пратеници, 43 против и 4 воздржани.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 став 7, поднесен од пратеникот Чедо Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 5, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За законот гласаа 56, 12 против и 2 воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за експропријација.

Преминуваме на 8-та точка од дневниот ред.

Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за концесија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор?

Збор побара министерот за финансии г. Борис Стојменов.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Нашите комуникации со одредени странски потенцијални инвеститори и сите оние кои сакаат да вложуваат во Македонија, се наметнува еден интерес, дали ако ние земеме објекти кои се од јавен интерес во Македонија, кои ќе ги користиме, дали концесијата која ја даваме можете вие во некои случаи таа концесија да биде влог на државата во тој државен објект. Ваквите барања со оглед на тоа што сме многу заинтересирани за влез на странски инвестиции во Македонија, тоа го прифативме и даваме измена да може државата концесијата да ја претвора во траен влог. Бидејќи е во интерес на влез на странски инвестиции во Македонија и за економски развој во Македонија, барам да се реши оваа измена на законот под итна постапка и тој предлог да се усвои.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на министерот за дополнителните објаснувања.

За збор се јави г. пратеник Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници од Владата, почитувани колеги.

Еве пред нас имаме еден закон, а имавме прилика да слушнеме и краток вовед од министерот, по однос на содржината на законот, со тоа што немавме прилика да слушнеме она што е најбитна измена во содржината на законот. Но сепак ја имаме можноста од она што го нуди текстот на измената на законот, да ја осознаеме суштинската измена на законот и да прокоментираме за таа измена, од проста причина што треба тоа да се каже иако сум свесен дека одекот од тоа што ќе го кажам нема да резултира со одредена позитивна конотација, во смисла на нужни измени кои треба да се направат, по однос на она што се нуди во суштинската измена на законот.

Јасно е и добра е таа определба дека концесиите се воведуваат заради одредени цели кои што се во интерес на државата и на граѓаните во нашата држава.

Јас ќе напомнам неколку цели што треба да се постигнат со пропулзирање на активноста, во врска со примена на концесиониот тип во вкупно инвестиционата активност на нашата држава.

Една од целите е токму и тоа што го кажав, пропулзирање на инвестиционата активност и учество на инвестиционата потрошувачка во поголем износ во структурата на бруто домашниот производ, бидејќи тој поголем процент е во позитивна функција во однос на севкупниот развој на една економија во една држава. Тоа е една многу значајна.

Друга цел што се постигнува, што исто така е доста значајна е да се намалат тековните расходи што би се употребиле за изградба на одреден капацитет за експлоатација на одредено добро од јавен интерес и таа изградба да се реализира со надворешни извори што нема да ги товарат вкупните билансни позиции на државата.

Тоа е добро, со оглед на тоа што покрај реалната можност се отвора и можноста за еднократна или повеќекратна добивка, ако правилно се постави концесијата во смисла на тоа што го спомна и министерот, од аспект на предложената измена на првиот член од Законот за измени,

со можност учество на Републиката во влогот и евентуално партиципирање во профитот од работењето или од реализацијата од дејноста, по реализација на одредена концесија за одреден инвестиционен потфат.

Многу важна друга цел што се цели да се постигне со пропулзирање на оваа активност, е да се подобри ефикасноста во односната дејност, каде се реализира концесијата. Затоа што во најчест случај се јавува странски партнер што воведува нови методи на работа, методи издржани во услови на пазарна економија и кон кои методи се цели да се ориентира и работењето во соодветната дејност кај другите субјекти кои реализираат иста таква дејност.

Поврзано со оваа цел е и воведување конкурентност, со истата цел што ја спомнав пред малку.

Одредени дејности што се од јавен интерес и се од јавно добро, доверени на одредени субјекти да ги реализираат, државата има воведен субвенции. Со реализација на процесот на концесии, се отвора можноста или да се намали, или воопшто да не се даваат субвенции на вкупните билансни средства на државата.

Крајно, што мислам дека е добро, со реализација на овој процес се отвора можноста за подобро алуцирање на ресурсите меѓу секторите и во рамките на секторот. Тоа е многу важно бидејќи од тоа зависи вкупната економија во соодветната дејност, каде се реализира концесијата.

Но, тоа е она кон што се цели со воведување концесија и пропулзирање на концесионата активност во една држава. Во Република Македонија има донесено закон за регулирање на оваа сфера уште 1993 година. Во тој закон, во основа се поставени сите норми и стандарди по кои заинтересираните субјекти, во рамките на тоа и државните органи можат да се најдат и активно да учествуваат во реализацијата на одредена концесиона активност во одредена сфера.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:** (Продолжение)

Мислам дека со стабилизацијата економските токови и со тоа што значи погодна почва за инвестирање и уште повеќе погодна почва за привлекување странско инвестирање, дојдено беше времето да заживее оваа активност и во 1998 година веќе имаше доредени иницијативи што беа насочени во таа насока и што можеа да значат еден крупен исчекор во инвестиционата активност во Република Македонија, а во рамките на тоа и со активно партиципирање на концесиона инвестициона активност во Република Македонија.

Првата измена на Законот, бидејќи по неа се искажав, ми е прифатлива, но имам сериозни забелешки околу втората измена што се нуди во членот 14 од Законот. Таму се додава една продолжена реченица, што е многу кратка, но многу суштествена. Во рамките на тоа се афирмира поимот "стратешки инвеститор". Мислам дека концесијата не кореспондира со поимот стратешки инвеститор, затоа што дури и дефиницијата дадена во Законот е квази дефиниција на тоа што значи странски стратешки инвеститор, во смисла на меѓународно признат стандард за дефиниција на стратешки инвеститор. Стратешки инвеститор во меѓународните стандарди е правно или физичко лице што управува со пакетот. Стратешки инвеститор, како што е прикажано тука, во Законот, од содржината на Законот, мислам дека не станува збор за таа содржина и таа содржина е непотребна во овој Закон. Можеби сте требале да изберете друг терми, на пример "стратешки партнер", за да можете подобро да ги лоцирате потребите што сакате да ги обезбедите со овој Закон. Меѓутоа едно е многу јасно дека со ваквата дефиниција се фетишизира стратешкиот инвеститор и од тој аспект мислам дека ги поместуваме работите. Но, ајде и тоа нека не е и тоа толку важно, околу терминологијата во Законот.

Тоа што е најважно, а го предлагате, е Влада во Република Македонија може да понуди давање на концесија во Република Македонија. Тоа значи може да понуди да се даде одредено добро во Република Македонија и за тоа да не ја информира јавноста. Тоа значи дека се воспоставува не транспарентност во постапката за доделување концесија, а од аспект на тоа што значи одредена инвестициона активност или одреден капацитет што се реализира, а кој што по сите случаи или најчесто се случаи од интерес за сите граѓани во Република Македонија, мислам од таа причина јавноста во Република Македонија треба да знае по која постапка, на кој начин и со кои права и обврски се доделува одредено јавно добро.

Тоа што го предлагате да нема транспарентност, тоа значи претполата да нема конкурентност во доделување на јавното добро, што мислам дека е лоша определба на Владата. Не знам кои се целите со кои што сака Владата да ги постигне, со овие предложени измени, иако мислам дека и да има некои други цели по однос на оваа област, каде што граѓаните задоволуваат свој јавен интерес, за кои што државата се откажува од одредено јавно добро и тоа е концесија, отстапување на одредено јавно добро, а тоа да не биде транспарентно

изведена една процедура, е лоша определба на Владата.

Уште повеќе што може последиците од лошото водена таква постапка, за еден подолг период кој во најчести случаи е од 10 до 50 години, зависно од областа во која се воведува концесијата, да го сносат граѓаните. Тоа значи дека на почетокот може да се постигне еден мал ефект, да се плати одредено јавно добро, но во понатамошниот текст граѓаните да го преплатат тоа. Тоа значи дека ваквата определба е лош избор и не е во духот на тоа што го пропулзираме, од аспект на развој на пазарна економија, од аспект на норми и стандарди што владеат во таа пазарна ориентација, а на крајот на краиштата мислам дека оваа измена што ја предлагате како Влада и овој терк што го воведувате во однос на определување на идни концесионери во државата Македонија, нема да пројде кај меѓународните институции. Да очекувате по оваа измена Светската банка да стави сериозна забелешка, дури и категорично да се произнесе против ваквиот приод на регулирање на концесиите во Република Македонија. Затоа што тоа е надвор од регулативата што е важечка за тие меѓународни институции. А штом е тоа така и ние ќе бидеме надвор од идните ангажмани на тие финансиски асоцијации и афилации, во реализација на одредени инвестициони активности во јавниот сектор.

Значи да завршам, со тоа што измената што се нуди во членот 2, е измена што ја враќа Република Македонија во административниот период, а Република Македонија цели кон пазарна ориентација.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Бузлевски Димитар.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за концесија.

Ве молам да гласаме.

За Заклучокот гласаа 54 пратеници, 5 се воздржани и 14 се против.

Според тоа, констатирам Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Ве молам да гласаме.

51 пратеник се за, 1 пратеник е воздржан и 13 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

Збор побара г. пратеник Поповски Никола.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван г. министер, колеги пратеници.

Го делам мислењето на нашиот колега Бузлевски, дека при елаборацијата на предлогот за донесување на закон, што сега веќе го гледаме во фаза на Предлог на закон, министер што всушност избегна да даде појаснување пред Парламентот за суштинската измена на Законот за концесии, што не се содржи во членот 1, иако и таа измена е битна, туку во членот 2, од сега веќе Предлогот на Закон за концесии. Сметам дека оваа измена заслужува соодветен коментар.

Ќе дозволите, пред да елаборирам, да соопштам едно сопствено видување што вчера го соопштив, а на што министерот реплицираше по тоа дека всушност и не разбрал за што станува збор, при Законот за трансформација на капитал, сега мислам дека таа иста одредница важи и за овој Закон и за наредните два закони од дневниот ред.

Мое мислење е дека Владата на Република Македонија, без никаква потреба, полека но сигурно, станува заложник на една политика што не е доволно обмислена. Имам впечаток и мислам дека тоа е пошироко отколку личен впечаток, дека сите овие закони, како и вчерашниот Закон за трансформација на општествениот капитал и особено овој Закон за концесија, всушност ја изразува опседнатоста на Владата со два проекти: едниот е не успешен или не доволно обмислен проект "Тајван" и вториот е актуелниот проект на "Хеленик петролеум".

Мислам дека сите овие закони во суштина се менуваат за да може Владата да го избегне пазарниот механизам, соодветниот механизам кој владее во светот на економијата за водење на некои концесиони, приватизациони и други зделки во Република Македонија. Овие закони, како и Законот за концесии всушност се предлагаат и се усвојуваат, со цел да се елиминира можноста од рамноправна конкуренција на сите во светот и во Македонија ја добивање на концесија, да се избегне механизмот на лицитација, што всушност е механизам на пазарно влијание врз работата на Владата.

Сега нема да елаборирам, меѓутоа ќе потсетам на една изјава на г. министер за финансии, кој по расправата за завршната сметка на Буџетот ја обвини претходната Влада на Република Македонија, дека во разговорите со ММФ била поданичка и дека разговорите ги водела поданички. Јас нема да го употребам истиот збор. Меѓутоа, мислам дека сличен збор може да се употреби во преговорите на Владата со "Хелeник петролеум" и тајванскиот проект. Една Влада да се доведе во позиција да избегнува пазарни механизми, да се доведе во позиција да менува десетина закони, само да овозможи на неколку свои проекти што ги замислила во кабинетите на Владата, а не на пазарот, да овозможи во Македонија да се одвива економската активност, мислам дека токму станува збор за она за што беше кажано за претходната Владе во преговорите со ММФ.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Исто така, да потсетам дека еден пратеник вчера гласно размислувајќи прилично емотивно соопшти дека, тој и неговата пратеничка група никогаш нема да дозволат ВМРО-ДПМНЕ да владее толку лошо, по негови зборови, како што владееше СДСМ.

Сметам дека овој закон и уште неколку се токму на линијата ВМРО-ДПМНЕ како заложник на проект за кој не беше свесен до формирањето на Владата, полека да почнува да владее лошо со Република Македонија и дека патот до лошото владеење овој пат е поплочен веројатно со добри намери, меѓутоа ќе заврши во лошо. Дозволете да објаснам зошто ги кажав овие свои размислувања.

Овој закон нуди два члена, две измени.

Првата измена која ја образложи господинот министер, претпоставува дека кога некој ќе добие концесија од Република Македонија, наместо концесијата да ја плати на Република Македонија за тој дел Република Македонија да стане сооснован на дејноста за која се дава концесијата. Или практично кажано на пример ако некој сака да гради нафтовод во Македонија, наместо да го плати тоа како концесија на Република Македонија, која за тоа ќе добие пари што е смислата на концесијата, Република Македонија со овој закон дозволува цената на концесијата да влезе на пример во оснивачкиот влог на идниот нафтовод и со тоа Република Македонија да биде акционер таму.

Дозволете да ја изразам и својата загриженост и зачуденост од премиерот на Владата, кој на крајот на краиштата е првиот претставник и првиот предлагач на овој закон пред Собранието и на крајот на краиштата со негов потпис дојде, дека наспроти сите заложби предлага закони со кои постапно ама сигурно на страна од законите за приватизација, ќе го зголемува државниот имот во економската сфера. Формирањето на претпријатија кои по пат на концесија Македонија станува сооснован, значи дека Македонија го зголемува како држава својот имот, меѓутоа не го зголемува својот имот преку инвестиции во оние сфери во кои треба да го зголемува имотот: училишта, спортски сали, здравствени организации, патишта, туку овој пат го зголемува својот имот во стопански дејности за кои овој Парламент па мислам дека и суштината на цела Европа и цел свет е дека не треба да го зголемува својот имот, односно формира стопански претпријатија со кои ќе се бави со стопанска дејност, некогаш како малцински, некогаш како мнозински сопственик преку овој закон. Што значи мојата разочараност од господинот премиер произлегува од фактот дека тој практично работи на зголемување на државниот имот на Република Македонија во сферата на стопанството, нешто за што сум уверен дека кога, тогаш Македонија ќе треба да се врати на стариот пат и да почне повторно процес на приватизација на нешто за што сега беспотребно правиме процес на државничка централизација на економската вредност на Република Македонија, ако имаме во предвид дека концесии се дава за стопанисување со некакви вредности во посед на Република Македонија, без разлика какви се тие.

Дозволете да изразам едно свое разочарување и во исто време свое не согласување со фактот дека, Република Македонија на овој начин на мала врата ќе почне да го зголемува својот имот во вид на акционерски капитал. Стара и позната вистина е дека државата во суштина во основа е лош стопанственик, таму каде што стопанственик може да биде приватно лице. Таа е добар стопанственик само таму каде што има потреба од јавен интерес. Тие јавни интереси се дефинирани со законот. Ова подразбира дека концесија за било која работа може да добие концесионер кој во својата сопственичка култура ќе има и капитал на Република Македонија. Мислам дека овде се работи за еден по мое видување суштински проблем и процес за кој треба сериозно да се отворат проблемите и да не навлеземе во таа сфера, затоа што таа сфера на крајот може да заврши и во волонтаризам и со растење на економската моќ на државата, не индиректна како моќ која ќе ги креира условите за стопанисување, туку

директната моќ која ќе ја стваря државата како директен стопанственик во Република Македонија, нешто на пример за што е донесен Законот за приватизација, да се откине државата од можноста да стопанисува со стопански субјекти.

Втората работа која мислам дека предизвикува уште поголема недоумица, е фактот дека еве сега ќе повторам она што вчера го кажав дека оваа Влада постапно ама сигурно почнува да чувствува сопствени благодети од управување со државата без пазарниот механизам, односно со економијата на државата. Јас сум уверен дека економијата нема на некој начин супститут пазарната економија, таа нема супститут. И нашата Влада може да помисли дека на краток рок ќе и годи да почне да стопанисува со македонската економија, подобро отколку пазарниот механизам и дека тоа ќе дава за неа поголема моќ и во преносна смисла да употребам, не во буквална, ќе ја опијанува на некој начин од моќта во економијата. На пример да се избегне пазарниот механизам и да се доделува концесија без лицитација, за што вториот член кажува, дека ако понудата е дадена од стратешки инвеститор, Владата не е должна да објави лицитација за таа концесија. Тоа значи дека на Владата со овој закон и се дава едно неограничено право да определува за секоја работа дали има стратешки инвеститор, или не. Тоа значи дека Владата, за секоја концесија од сега натаму може да каже: за оваа работа јас одредувам стратешки инвеститор е тој и тој и заради тоа го избегнувам процесот на лицитација. Па ние господа пратеници еве веќе седум месеци слушаме во јавноста разни бомбардирања од процесот на јавните набавки во врска со тоа како се изведуваат. Па дали ние знаеме дека на пример концесијата е најголемата јавна набавка во Република Македонија. И сега ние со закон сакаме со концесијата да се избегне механизмот во рок поголем од 30 дена, како што е сега некој друг да може да конкурира за истата работа и да дозволиме дека за тоа може да одлучи Владата. А Владата одлучува врз основа на понудениот закон, врз основа на износот на средства што сака да ги инвестира стратешкиот инвеститор и не наведува што. Тоа можат да бидат 100 милиони долари, можат да бидат 50, можат да бидат 10, можат да бидат 1, можат да бидат половина милион долари. Барем да има ограничување во законот што значи износ на средства за стратешки инвеститор. Владата утре може да каже дека дава концесија на стратешки инвеститор за 100 илјади долари и заради тоа да каже дека нема потреба од лицитација, а за истата концесија на пазарот некој да е заинтересиран да плати не 100 илјади долари, туку 100 милиони долари.

Значи на Владата и даваме огромен механизам со овој закон, прво да го зголемува државниот капитал на Република Македонија во сферата на стопанските дејности.

Второ, да може на неограничен број на случаи да го применува механизмот на стратешки инвеститор кој не влегува во сферата на лицитација за концесиите, што од друга страна ќе ја одведе повторно во еден волонтаризам наместо пазарниот механизам, владина арбитрерност, министрите во Владата да одлучуваат за што Владата подразбира министрите на Владата, тоа е составот на Владата одлучуваат наспроти пазарот, кој е тој што подобро ќе инвестира во Република Македонија, кој е тој што повеќе пари ќе даде, кој е тој што повеќе економски интерес ќе оствари.

Јас сум убеден дека таа работа на некој начин отстапува од генералниот концепт, дури и на прокламираната владина политика, дури и на прокламираната политика на сите политички субјекти во Република Македонија. И затоа на почетокот изразив едно чудење, зошто премиерот Георгиевски така лесно ни ги доставува овие проекти во нашата држава. И затоа изразив едно сопствено убедување дека можеби Владата постапно станува заложник на неколку проекти, кои еве и во печатот можеме да чуеме дека можеле и подобро да се остварат доколку се применува методот на лицитација. Има и домашни лица кои јавно искажуваат незадоволство, има и странски правни лица, странски фирми кои изразуваат незадоволство, имаме и дописи од Светската банка, имаме и дописи од Лондонскиот суд, каде што е оспорена некоја од ваквите лицитации. Она што сакам да го кажам завршувајќи е дека, иако овој закон се состои во два члена, секој од нив поединечно и двата заедно како закон всушност се едно мало, ситно, но сериозно отстапување од пазарниот механизам, како регулатор на економските односи во Македонија. Ако врз основа на тоа ги додадеме и овие пакет на закони кои ги усвојувавме вчера и уште неколку кои следат, мислам дека ние навлегуваме како држава во една фаза во која можеме да помислиме дека стопанството може најдобро да го регулира Владата на Република Македонија, а не да го регулира пазарниот механизам. Владата ќе биде подобра. Тоа неа ќе ја опијани, тоа ќе и дозволи да има голема моќ да одлучува за големи зделки и врз основа на сопствената арбитрерност, меѓутоа знаете како,

пазарниот механизам во светот ги победил сите што се обиделе со него да се пресметаат, вклучувајќи ги и најмоќните. Ние не сме во таква ситуација, немаме алтернатива на тоа. Имаме алтернатива на пазарниот механизам и сметам дека ваквите закони со кои Владата на мала врата сака да продуцира економски државен централизам и сака да отстапува од концептот на развојот на државата, да отстапува од економските интеграции кон кои ние се стремиме, не е добар.

И затоа би повикал Владата да го повлече законот и уште еднаш да размисли дали ваквиот начин на уредување на односите е соодветен за Република Македонија. Повторно би повикал и на определбата на Владата и на назначениот координатор за усогласување на нашето законодавство со европското, госпоѓата Радмила Кипријанова и вчера повикав, еве и денеска повторно повикувам, да се обрати до Парламентот и да каже дали овие закони се во насока на хармонизација на македонското законодавство со европското, или се во директна спротивставеност и отстапување во спротивен правец од европското законодавство. Под тие услови ако разговараме ние суштински ќе ја отвориме и расправата за нашето асоцијативно од прва или од втора лига членство на Република Македонија во Европската унија, за што на крајот на краиштата ние ќе мораме законодавството да го усогласуваме. Ако сега отстапуваме и од усогласеното законодавство назад, ние само го зголемуваме бројот на деновите и бројот на законите кои ќе треба да ги усогласиме.

Од овие причини јас не повикувам да не го гласаме законот од моето излагање тоа јасно произлегува, меѓутоа повикувам Владата, иако тоа досега не било прилика, Владата сепак да размисли дали е добро да настапуваме со вакви проекти.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг од пратениците бара збор? (Никој).

Има збор министерот за финансии Борис Стојменов, да одговори на повикот на пратеникот Поповски.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, дами и господа, јас прво да изразам една благодарност на пратеникот Бузлевски што афирмативно се изрази во поддршка на овој закон, а тоа мислам дека е добро, така треба да се води дискусија и да имаме конструктивна опозиција.

Тој наброи пет точки во своето излагање кои се опфатени во ставот 1, во член 1 на овој закон и тие се во функција во Македонија да дојдат што повеќе странски инвестиции, Македонија која е гладна од средства за инвестиции и тој глад да го надокнади со влез на странски инвестиции. Ние не читаме само книги, книгите се добра работа, меѓутоа книгите бараат и проверка. А некои книги, она што е напишано во книгите во областа на општествените науки тие и не даваат одредени резултати во секојдневниот живот. Тоа се случува и во книгите за пазарната економија. Ако некој пазарната економија сака да ја поврзе со државната сопственост, односно да ја оттргне од државната сопственост тогаш мислам дека тоа не е во ред. Во книгите некаде можеби и пишува, меѓутоа тоа не е точно. Државната сопственост не е и антипод на пазарната економија. Државната сопственост постои и во сите најразвиени пазарни економии. Па ние не можеме да кажеме ако ние имаме државна сопственост, или ако нешто подржавиме во одреден момент, дека ние со тоа ја напуштаме пазарната економија, дури тоа не го пишува ни во книгите, ниту во теоријата, а камоли во праксата. Така што не можеме ние такви класификации да даваме, ако еден објект на пример бил сега приватен, па ние го купиме и станува државен и велиме, е сега отидовме во комунизам и во оваа државна и административна економија.

Мислам дека тоа не е во ред. Има и државни претпријатија кои работат по пазарни критериуми. Зборувам општо. Така што не можеме да кажеме дека еве, Владата посегнува подржавува и ја напушта својата пазарна ориентација, ориентација која беше сигурно и на претходната Влада. Не можам да кажам дека не беше таа пазарно ориентирана и дека не се стремеше кон пазарна економија. Меѓутоа, ако земете вие од некои нивни одлуки кои се донесуваа, јас не можам да кажам дека тие не беа пазарно ориентирани. Да кажеме во приватизацијата на Телекомот се прими однапред пари, не транспарентно се примија однапред пари, аванс пари за да се приватизира. Со која транспарентност? Јас не можам да кажам сега дека таа Влада претходната со тоа ја напуштила пазарната економија. Затоа што, што земала, примила аванс и сега вели вака: ако овој аванс, ако тоа не го приватизирате, тоа ќе биде наш влог, ако не го приватизираат ќе биде кредит кој вие треба да го вратите. Па тоа не значи дека таа Влада сега била административно определена, а не пазарно определена. Со тој конкретен пример кој го направила да кажеме во приватизацијата на Телекомот.

Затоа и ние отворено кажуваме, таму бидејќи Законот за концесии досега кој е од 1993 година, за кој велиме дека е добар, дека е перфектен, за жал не даде никакви резултати во Македонија. Тоа е проблемот. Господинот Бузлевски кажа дека некаде при крајот на 1998 година постоеле некои интереси, меѓутоа од тоа немаше ништо. Така што инвестиции во Македонија во тој поглед ова не даде влез на странски инвестиции во Македонија. Ние сакаме тоа да го подобриме, односно не да го подобриме текстот на законот, да овозможиме влез на странски инвестиции во Македонија. И од тоа не сакаме да отстапиме. И затоа во првиот дел кажуваме зошто тоа го правиме, затоа што треба да доаѓаат странски инвестиции и не се плашиме од тоа ние да имаме дел сопственост во тие странски инвестиции кои ќе дојдат во Македонија, ние да бидеме партнер на оние странски компании кои ќе бидат во Македонија. Сигурно пакетот на акции нема да го носиме ние, ќе го носат тие странски компании, со тоа не ја подржавуваме таа компанија која ќе дојде овде, меѓутоа таа држава и пазарно се однесува и дел е во таа компанија сопственик и учествува во дивидендата која ја остварува таа компанија. Тоа е првиот дел.

Во вториот дел во членот 2, кога велиме дека Владата на стратешки инвеститор ќе му даде концесија без јавен тендер. Тоа не отстапува од пазарната економија. Ако дојде некој странски инвеститор во Македонија кој нуди големи инвестиции во Македонија, еве да го земеме примерот на изградба на нафтовод во Македонија. Ако ние велиме сега не треба да одлучи Владата да се гради нафтовод во Македонија и да му се дадат концесии на овој стратешки инвеститор, туку треба да правиме тендери дали некој ќе дојде или не треба да дојде во Македонија, тогаш нема да ви дојде ниеден да ви гради во Македонија нафтовод. Прашањето е дали сакаме нафтовод, или не сакаме нафтовод? Ако сакаме нафтовод да се гради во Македонија, ќе го примениме и ќе му дадеме концесија на оној кој е заинтересиран да го прави тој нафтовод во Македонија. На пример како што ја приватизиравме СТ - Банка, претходната Влада даде ексклузивно право на една банка без тендер да ја приватизира, да ја купи банката. Ние таа Влада не ја критикуваме дека не е пазарно ориентирана.

Напротив сакам да кажам и за одредени примери и за одредени случаи кога ќе ги правиме во пракса не можеме да извлечеме заклучок дека ние отидовме во комунизмот, бегаме од пазарната економија. Затоа отворено сакаме и таа Влада и тоа ќе биде транспарентно, затоа што донесувањето на одлука на Влада е нај транспарентно. Таа одлука на Владата се објавува. Има ли поголема транспарентност? Секоја одлука на Владата се објавува во "Службен весник", а тоа се објавува иво јавните медиуми. А ние не можеме сега да ги натераме сите граѓани во Македонија да ја определуваат цената на концесијата. Ако е тоа транспарентност? Тоа е сосема друго.

Меѓутоа ако ние априори велиме дека некоја Влада ќе ја оштети Македонија тоа е нонсенс. Таа Влада добила легитимитет од народот. И затоа тој закон, тие измени на Законот за концесии ги правиме во функција да влезат странски инвестиции, а тие веќе ги има повеќе, не е само нафтовод, ги има повеќе, а тоа е добро за Македонија. Ако во Македонија влезе инвестиција од 182 милиони долари за еден објект кој требаше да го ликвидираме и кој требаше и по договорите со Меѓународниот монетарен фонд и со Светска банка да го ликвидираме, тогаш јас не знам на пример која друга алтернатива е, освен кој да го оживиме и тука да влезат 182 милиони долари странски инвестиции. И ако во тие странски инвестиции сме 20% заради нашата концесија, 36 милиони долари се на Македонија сопственост, со која сопственост ќе учествува во дивидендата на овој нафтовод кој ќе го гради некоја странска фирма. Така би требало да ги поставиме работите. Сакаме да го градиме нафтоводот, или не сакаме да го градиме. Ако не сакаме да го градиме, тогаш не треба да прифатиме овие Предлог измени на Законот за концесии.

Ние како Влада сакаме да градиме и нафтовод, сакаме да ја ревитализираме и “ОКТА“, ние сакаме да влезат многу, многу странски инвестиции, затоа што тоа е единствениот лек за излез од кризата на Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на министерот Стојменов.

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Никола Поповски, повторно.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Има една интенција господинот министер, ретко да ме разбира што зборувам. Јас реков дека членот 1 е во насока да го зголемува државниот имот на Македонија во стопанството и тоа е точно. Член 2 има намера да го суспендира пазарниот механизам и тоа е точно. Меѓутоа, јас никогаш не реков дека државната сопственост е не соодветна на пазарниот

механизам. Само реков дека член 1 ја зголемува државната сопственост, а член 2 го суспендира пазарот при концесиите. Комбинацијата на тие два члена дава соодветна слика за нашата држава, меѓутоа не го реков тоа.

Би сакал само да го потврдам тоа што го реков, дека Владата почнува да си мисли дека таа најдобро знае што треба да прави во Република Македонија. Еве сега слушнавме дека некој сака да вложи 182 милиони долари во некој проект, се разбираме на кој проект се мисли.

Го прашувам господинот министер, зошто тој мисли дека 182 милиони е таа бројка која е добра и зошто суспендира лицитација, зошто не остави простор да се објави дека некој за тој проект дава 182 милиони долари. Дали некој друг дава 282 милиони долари или 202 милиони. Зошто тука завршува нашата приказна, зошто Владата мисли дека нејзините преговори се финални, зошто не дозволи некој друг - на пример има Мамидакис отворена понуда, зошто не дозволи на 182 милиони долари да се лицитира. Тоа а пазарниот механизам.

Јас не реков дека Владата отстапи од пазарниот механизам, меѓутоа тврдам дека со десетина, дваесет вакви закони ќе дојдеме во процес на отстапување и мислам дека токму говорот на господинот министер, потврди дека Владата почнува да мисли како државен орган во економијата, дека таа секогаш е исправна и на тој начин го суспендира пазарот. Тука не се работи за книги, а и не треба да сме скарани со книгите.

Јас повикувам Владата да остави простор, кога некој нуди странски или домашен инвеститор, да остави простор некој друг ако сака под истите услови да плати повеќе и да го воведе механизмот на лицитација да може да плати, а не Владата да одлучи дека тука е така, државните интереси не се бранат. Тоа е арбитрирање во економијата. Државните интереси се бранат

ако се дозволи и јас и некој друг од Европската Унија и Америка под истите услови да конкурира за некоја фирма, која Владата ја избрала по своја одлука. Господинот министер тука јавно кажа што ќе ни е лицитација кога има инвеститор. Токму од тие причини и се расправа за овој закон, затоа што лицитацијата го воведува пазарот во економијата. Не го воведува државната одлука на господинот министер за 182 милиони долари, некој можеби ќе понуди повеќе.

Тука го изразуваме нашето сомневање, дека овие работи не се вред, ако на пазарот со лицитација се постигне и 172 и 182 милиони долари, тоа е вред. Меѓутоа, ние однапред да го пресечеме тоа и за тоа да го менуваме законот, да не може друг да понуди и да го суспендираме тој механизам. Напротив, мислам дека не е добро, меѓутоа очигледно се работи за различни концепции и приоди во водењето со овие работи.

Повелете, има мнозинство, нека размисли како ќе гласа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот Никола Поповски.

Збор побара господинот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

За да се доразбереме, јас ставив сериозна забелешка на текстот на Законот што се нуди во член 2. Таа забелешка ја образложив, бидејќи станува збор за една измена која е во вид на продолжена реченица, но која е многу сериозна за идното работење во оваа област и на Владата.

Како прво, со таа измена се елиминира транспарентноста, иако министерот кажа дека секоја одлука на Влада се објавува и таа е јавна. Меѓутоа, во Законот, во текстот кој што се менува, во вториот став на член 14 пишува: "Органот на управата од став 1 на овој член е должен за понудата да дава и концесија и за нејзиниот предмет да ја извести јавноста во рок од 8 дена и да го определи рокот на доставување понуди од другите заинтересирани, кој не може да биде пократок од 30 дена од денот на известувањето" и додавате "освен ако понудата е дадена од стратешки инвеститор".

Што е тоа што треба да биде толку тајно и јавноста да не знае под кои услови одредено јавно добро кое што најчесто е од јавен интерес се дава без транспарентно да се води тој процес. И дополнително на тоа, ова залагање или со оваа цел која што сакате да ја постигнете во законот, се елиминира конкуренцијата. Можеби има друг исто така стратешки инвеститор кој што би дал подобри услови во однос на овој кој што прв се понудил. Зошто да не овозможиме тој вториот стратешки инвеститор да може да учествува, да може да конкурира и да биде избран, затоа што се работи за јавен интерес, се работи за јавно добро, ниеден стратешки инвеститор не оди од милост кон оваа земја, не оди од љубов кон оваа земја. Љубовта е профитот. Оди за да оствари профит, профитот го остварува со експлоатација на одреденото јавно добро. Експлоатацијата има цена, цената ја плаќаат граѓаните. Зошто да не овозможиме можност да избереме подобра понуда за да плаќаат помалку граѓаните. Тоа

е суштината на измената. Ние можеме сега да се надмудруваме и со теорија и со се друго, меѓутоа овде е практична работата. Овде станува збор за елиминирање на јавност и елиминирање на конкурентност. И едното и другото не кореспондира со пазарна економија.

**САВО КЛИМ9ВСКИ:**

Благодарам на господинот пратеник Димитар Бузлевски.

Продолжуваме со расправа.

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Бранко Црвенковски.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Господин претседател, господа министри, членови на Владата, почитувани пратеници, претходните дискусии од страна на пратениците Поповски и Бузлевски опфатија два битни и значајни сегменти.

Едниот е фактот што ваквите измени во цела една серија на закони, всушност не одат во правец на реформи кон пазарната економија, туку обратно, кон поголема администрација и дискрециони права на државата, во случајот на Владата и елиминирање на пазарните законитости и можности. Бидејќи тоа беше веќе елаборирано, јас не би се задржувам во поголема мера на тоа.

Би сакал само да афирмирам уште две многу битни работи. Тоа е повторно врзано со една наша генерална стратегија, околу која се надевам или се надевав дека имавме постигнато консензус во оваа држава. Тоа е генералната стратегија кон наше интегрирање во евроатланските структури, во случајот кон Европската Унија, тоа е определба околу која постои политички, партиски, етнички, социјален консензус во оваа држава. Меѓутоа, тоа не смее да биде само декларативно, туку треба перманентно и континуирано да работиме, без разлика кој е на власт, а кој е опозиција во одреден период.

Ние веќе имаме едно ниво на изградени односи со Унијата, имаме Спогодба за економско - трговска соработка со Европската Унија. Тоа е еден сложен документ, а составен дел на оваа спогодба се и други делови, како што се финансискиот и други протоколи. Меѓутоа, генерално со веќе постигнатите договорни обврски на Македонија спрема Европската Унија, меѓу другото преземени се од наша страна обврски за овозможување на конкурентност при значајни инвестиции, во случајот концесии, експлоатација на јавни добра, давање на ексклузивни права на било кој стратешки инвеститор од или надвор од земјата во Република Македонија. Значи тука не се работи само за проблем кој во наредниот период ќе се појави во усогласувањето на нашето законодавство и нашата практика, туку и во делот на веќе преземените обврски од наша страна од Спогодбата за економско - трговска соработка со Унијата. Не е случајно што и Меѓународниот монетарен фонд и Светската банка за обнова и развој веќе во своите обраќања до нашата Влада дадоа сериозни забелешки за практиката која почна да биде воведувана, во случајот на конкретниот пример и со приватизацијата на Рафинеријата "ОКТА" и договорот со "Хеленик петролеум".

Господине министер, можеби пратениците и јавноста не знаат, меѓутоа, вие добро знаете што точно пишува во писменото обраќање од Светската банка до Вас, кое Вие не го објавивте во јавноста. Меѓутоа, ако можете Вие да ја запазите дискрецијата во државата, Светската банка е меѓународна финансиска институција и нејзините документи се транспарентни што може да се видат дури на интернет, лесно да се добијат, така што мислам дека не се добива многу со тоа што аргументите и забелешките кои се ставаат од страна на меѓународните финаниски институции во писмени документи, писма и обраќања до нашата Влада едноставно да се кријат од јавноста. Тие порано или подоцна ќе излез, а во секој случај последиците ќе ги почувствуваме.

Значи, јас би сакал да потенцирам дека ваквите измени во кои се елиминира пазарната логика, конкурентноста, транспарентноста, се во директен судир со нашата стратешка определба за наше интегрирање кон Европската Унија, тие се во директен судир со веќе преземените обврски од наша страна, согласно Спогодбата за економска и трговска соработка со Унијата, тие се во директен судир со принципите на кои Меѓународниот монетарен фонд и Светската банка за обнова и развој соработуваат со одредени држави, во случајот со Република Македонија дел од тие забелешки не се само околу тоа дали се согласуваме во стратегијата за водењето на макроекономска политика, туку забелешки се даваат и за вакви конкретни ситуации.

Понатаму, останувааме ли на определбата за наше зачленување во Светската трговска организација или се откажуваме. Ако останувааме како држава на ваква стратешка определба, ваквите одлуки, ваквите измени во законодавството во Република Македонија, директно не оддалечуваат, а не не приближуваат кон

Светската трговска организација.

Господине министер вие ги знаете нивните принципи, принципите кои важат за нивното членство и кандидатите за зачленување во Светстката трговска организација. Меѓу другото проектот Ауди, кој што долго време го преговаравме на крајот не го прифативме, затоа што условите што ги бараше германскиот партнер беа такви што нам засекогаш ќе ни ги затвореше вратите во Светската трговска организација и ќе ни предизвикаше крајни проблеми со Европската Унија. Бидејќи не може да се даде без тендер, без лицитација, без овозможување на било која друга држава - тоа не го прави Европската Унија, затоа што е загрижена како Македонија ќе се расправа, туку затоа што имаат обврска да им овозможат на сите свои форми и компании од сите земји членки на Унијата, подеднакво да конкурираат при такви работи. После ќе се јави проблем, како што сега друга грчка компанија го отвора спорот околу нашата рафинерија.

Исто така веќе има најави дека има италијански компании од нафтениот бизнис, кои што велат дека ќе се жалат пред Комисијата во Брисел, зошто и на нив не им е овозможено во Македонија да лицитираат и да влезат во таа работа, можеби со повисока понуда од онаа која е потпишана со "Хеленик петролеум." Значи, тоа се правила со кои земјите членки на Унијата се штитат, ги штитат своите компании да имаат подеднакво пристап и само пазарната законитост да биде решавачка кој ќе ја добие зделката или кој ќе го добие бизнисот. Второстепено е што ќе извлече заклучок дека, ние не одиме кон пазарна економија, туку се оддалечуваме од тоа и ќе претрпиме консеквенци од тоа.

Трета работа е Меѓународниот монетарен фонд и Светската банка што ставаат сериозни забелешки за вакви работи и четврта работа е Светската трговска организација. Кај нив вратата е затворена со ваква дискрециона политика, во доделување на вакви крупни проекти на територијата на Република Македонија без тендери, без меѓународни повици, без можност да се конкурираат фирмите меѓу себе. Сето тоа е во корист на Македонија, бидејќи чинот е конкуренција, штом повеќе од два или три конкуренти влегуваат и се натпреваруваат кој ќе даде повеќе пари, тоа значи повеќе услови за државата.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:** (Продолжение)

Штом имаме лицитација, секогаш лицитацијата цената ја подига, а тоа е корист за Македонија. Не може конкурентноста тендерите, лицитацијата, дури и на берзата вадење работи на штета на Македонија. Може само да одат во корист, бидејќи може да се обезбедат подобри услови и повисока, цена. Значи тоа е тој аспект, каде што со вакиот пристап во една цела серија на закони нас не оддалечува од пазарната економија, економските реформи и стратешката определба за кооперација со ММФ, Светска банка, Европска Унија и Светска трговска организација.

Постои уште еден аспект, кој што мислам дека без разлика кој е на власт или кој е во опозиција во одреден период, со текот на времето создава реални тешкотии во државата, на долг период лоша слика за државата. Да се разбереме на што мислам. Сакам да ве потсетам дека, во Законот за јавни набавки постои една одредба дека, за секоја набавка што ќе ја прави државата повисока од 5 илјади германски марки, мора да се објави јавен повик, да се овозможи конкурентност, да се лицитира и т.н. Зборуваме за суми од пет или 10 илјади германски марки. Овде говориме за концесии, говориме за најголемото богатство што го има Македонија. На пример вие велите нафтовод 180 милиони долари и сега за пет илјади марки јавен повик, тендер, за 180 милиони долари вели може директна спогодба, директно без да прашаме дали некој друг е заинтересиран. На крајот на краиштата што е проблем. Доаѓа Хеленик, вели ние сме заинтересирани да градиме нафтовод. Во ред, еве тендер, вашата понуда, ако не се јави никој друг со подобри услови, вие ја добивате работата. Чисти сме пред цел свет, никој не може да забележува дека тука нешто е валкано или под маса се прави, бидејќи е транспарентен процесот и од друга страна секогаш ќе останат шпекулацијата штом се избегнува меѓународен повик, јавен тендер и лицитација, се оди на директни спогодби за големи пари секогаш ќе остане шпекулацијата, без разлика дали има основ или нема основ, дека тука нешто валкано се случува, дека тука има некакви провизии, лични, групни, партиски, владини и т.н. Тоа е неминовно ако немате транспарентен процес.

Сега ги договараме правилата на игра за најкрупните работи во државата. Вие на пример дадовте неколку илустрации кои што можам да кажам дека се апсолутно несоодветни. Вие велите не е битно дали сака и некој друг да го гради нафтоводот, туку ние треба да кажеме дали сакаме или не сакаме нафтовод. Ако сакаме веднаш им го даваме на нив. Ако има двајца или тројца, две три компании што сакаат да прават нафтовод, како ќе видиме која е најдобрата

понуда за вас ако не ги пуштиме сите три во трка. Или го кажувате примерот со Естер банка и Стопанска банка, кои што исто така апсолутно ви е не соодветен, бидејќи таму не се работи за државна доминантна сопственост во Стопанска банка. Вие знаете дека понудата тогашна и сега што преговарате со грчки банки и т.н., дека се работи за еден принцип на откупување на сосема мал процент на државни акции, кои што се сопственост на јавните претпријатија, ако не се променило тоа е некаде околу 12 до 16%. Другото е приватен капитал и се работи воглавно за докапитализација на Стопанска банка. Така да тоа не е пример кога ќе дискутираме за концесии или за јавни национални добра, не е соодветен пример. Или кога велите што направила претходната Влада со пред приватизациониот процес на Телеком.

Во пред приватизацијата на Телеком беа викани и во него влегоа Европската банка и ИВС, како специјализирана агенција на Светската банка, што значи не се ни приватни банки, не се ни акционерски друштва, туку се меѓународни финансиски институции, кои што влегоа во процесот на претприватизација од една страна не е дефинирано нивното учество колкаво ќе биде. На крајот кога ќе се најде стратешкиот партнер, кога ќе се оцени вистинската вредност на Телекомот ќе се одреди за нивните пари, колку акции им припаѓаат на овие две институции. Они во истиот момент се повикуваат. Зошто е добро они овде да влезат? Затоа што го подигаат кредибилитетот на компанијата.

Втора работа обезбедуваат транспарентност. Никој не може да каже дека Владата не баш нај чесно, или нај поштено го извела процесот на приватизацијата во Телеком, бидејќи мораат претставниците на Европска банка и на ИВС, односно на Светска банка цело време да бидат информирани како тече процесот на приватизација. Така што мислам дека примерите што ги наведувате не се соодветни, за она што денеска расправаме и какви измени во законската регулатива денеска правиме.

Да резимирам со две работи. Покрај она што беше претходно кажано од другите дискутанти дека со ваквите измени се оддалечуваме од Европската Унија, се напуштаат реформите кои водат кон пазарна економија, создаваме проблеми со ММФ и Светска банка, создаваме веќе не премостливи проблеми со Светската трговска организација и на крајот создаваме такви законски решенија кои што се податливи за криминогени работи. Ако имате дискрециони права нема тендер и лицитација, туку има арбитражност, без разлика дали е Влада, министер или министерство и т.н., нема јавност, никој не може да угоди дека тоа е токму најдобрата понуда, затоа што сме виделе какви се другите и колкави ќе бидат. Од тука со право или без право ќе остане сомневањето дали таквите постапки се чесно и поштено изведени.

Интерес е на Владата за да избегне напади и критики дека работела нечесно на тој план да оди на лицитација. Она да лицитира, да има тендери, со што ги дава најсилните аргументи, дека всушност тоа се транспарентни и јасни процеси, каде што не се крие ништо.

Мислам дека апелот што ви го упати и Поповски, уште еднаш да го погледате околу целата оваа работа. Мислам дека ова е еден од нај конструктивните пристапи како опозициона парламентарна група што го правиме со една намера, а тоа е навистина некои работи да се направат во државата во овој правец и од тоа да има корист државата, а не власта или опозицијата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот пратеник Бранко Црвенковски.

За збор се јави господинот пратеник Илија Филиповски.

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри и колеги пратеници, јас ќе се задржам на две работи.

Прво, е прашањето на стратешки инвеститор. Во законската регулатива оставено е правото на Владата да утврди стратешки инвеститор со 5% акции, со 10, со 20, со 50 и т.н. Во европската пракса, во праксата на пазарните економии нема закон, меѓутоа вообичаено право е стратешкиот инвеститор да има минимум акции 51%. Се што е испод 51% тоа се портфолио. Тоа не е добро, во нашите закони да даваме овластување на Владата да определува стратешки инвеститор, за помало учество во вкупните акции од 51%. Тоа е првото прашање.

Второто прашање, е во делот на не транспарентноста преку непосредната спогодба, со што многу големи овластувања и се даваат на Владата, господинот министер за финансии вчера го прогура Законот за приватизација, за купените акции, всушност не би рекол купените, за договорените акции плаќањето да се врши одложено и тие веднаш стануваат обични акции. Практично тие го носат делот на сопственичките права и управувачките права во претпријатието, а стратешкиот пазар може во одредени

моменти да нема платено ниту еден процент за тие акции. Истовремено тие акции може, бидејќи полага сопственичко право да ги продаде на пазарот, а ние сега имаме случај, на пример во купувањето на "Окта" да ја купи фирма која е основена на Кипар, не знам колку има основачки капитал, но лично не верувам дека има повеќе од пет илјади долари, што ако ги продаде акциите на "Окта" и ја ликвидира фирмата.

Комисијата за економска политика и развој предложи да се обезбеди банкарска гаранција. Вчера од Парламентот тоа не беше прифатено. Мислам дека не се добри тие решенија, не одат во правец на обезбедување и развој на економијата во државата. Тие решенија во секој случај треба да бидат решенија кои можат да обезбедат и сигурност, оној што продава да може да знае дека во секој случај ќе го наплати.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот пратеник Илија Филиповски.

За збор се јави господинот пратеник Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас нема да дискутирам, но би го замолил господинот министер ако сака да одговори на прашањето, дали целите на законот за измена на Законот за трансформација на општествениот капитал се постигнати, кога го изменивме Законот на почетокот на оваа година.

И тогаш господинот министер, а и сега повтори дека основната цел на законот е, да се забрза процесот на приватизација на капиталот. Гледано низ оваа временска дистанца, од последната, односно претпоследна, не говорам за вчерашната измена на Законот за трансформација на капиталот, дали оваа цел на законот е постигната. Дали навистина се забрза процесот на приватизација или напротив се закочи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Го молам министерот Стојменов да одговори, бидејќи други за дискусија немаме.

Повелете господине министер.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, дами и господа, на крајот ќе одговорам и на прашањето на господинот Петковски, меѓутоа сепак овие дискусии кои ги направивме беа надвор од дневниот ред, односно темата што е на дневен ред, а тоа е Законот за концесии. Ние со тој закон отидовме и до светската организација, отидовме до сите светски институции, само што не го споменавме уште НАТО.

Пазарната економија, јас нема да повторам, во пазарна економија можеби да има и монополи, во пазарна економија може да има и државни претпријатија, во пазарни економии може да има одлучувања некаде Влада, некаде да одлучуваат компаниите врз база на сопственост и т.н. Но, ова прашање ниту е важно и третирано, ниту со тој закон, ниту пак она што сака да го прикаже опозицијата. Дури се кажува дека со тој закон сакаме да се оддалечиме од Европската Унија, дека сакаме да се оддалечиме од сите тие асоцијации во светот. Меѓутоа тоа не е вистина. Друго е пропаганда, а друго е вистина.

Никогаш оваа Влада нема да донесе закон, затоа што нејзиниот приоритет е Европската Унија, НАТО, меѓународните организации и соработката. Таа никогаш нема да донесува закони, кои ќе ја оддалечуваат од тие институции. Меѓутоа, оваа Влада ќе донесува понекогаш закони за оние прашања кои се тековни, за кои не се оддалечуваме од овие институции, меѓутоа закони со кои ќе решаваме конкретни проблеми, со кои се судира Македонија во одреден временски....

Рековме што е нашата намера, што мислел законодавецот. Законодавецот мислел како овие 12 загубари, затоа што процесот на приватизација е завршен. Дури и кај нив е завршен процесот на приватизација, меѓутоа како овие 12 загубари кои вработуваат огромен број на вработени во Македонија, како оваа обврска земена од претходната Влада, а тоа е структурна реформа, не ја осудувам Владата што ја земала таа обврска, затоа што тоа е обврска да прави структурни реформи. Тие претпријатија треба да ги продаде на стратешки инвеститори, да ги ликвидира. До сега ништо не е направено од тоа. Така да меѓу тие 12 претпријатија, тоа е и "Окта", никогаш "Окта" не е поставена на дневен ред да каже ја ликвидираме или ја продаваме на стратешки инвеститор, па во тој временски период да кажеме ќе одиме на тендери и ќе ја продаваме. Дали некогаш досега слушнавме тендер да се продаде некој од тие 12 загубари за да спроведуваме пазарна економија. Дали тоа ние сакаме да го направиме или тоа прашање е наметнато. Во крајна линија сакаме, но повеќе е наметнато. И затоа се повикуваме на меѓународните светски институции.

Според тоа суштината на овој закон беше, што со 12-те загубари и како да го решиме прашањето со 12-те загубари. Оваа

Влада не се откажува од решавањето на тоа прашање. Дали ќе ги ликвидира овие претпријатија или ќе ги продаде тие претпријатија, или едното или другото ќе го направи, меѓутоа сака да го направи подоброто. Ако може да останат овие претпријатија живи и да работат. Се она што се прави го правиме во тој контекст, 12-те претпријатија во Македонија, оние кои ќе успееме да ги продадеме, затоа што тие веќе се осудени на смрт, не сме ги осудиле ние како Влада, ние само ја прифативме пресудата од претходната Влада дека треба да бидат ликвидирани. Во тој поглед нема преговори со ММФ. ММФ вели "Окта" требаше да се ликвидира до 30 јуни. Како ќе ја ликвидирате вие "Окта" до 30 јуни. Ако ја ликвидирате "Окта", ќе кажете создаваме социјални случаи во Македонија.

Според тоа овие решенија кои ги правиме се така наречени решенија кои ги диктираат структурните реформи и обврските кои ги прифативме и претходната Влада и оваа Влада за ориентација кон пазарно стопанство, затоа што вие немате пазарно стопанство, ако "Окта" работи како што работеше сега. Напротив имате државно стопанство. Немате вие пазарно стопанство со оние кои денеска доаѓаат и дигаат штрајк и кажуваат да им се исплати плата од Буџетот. Тоа не е пазарно стопанство. Тоа е напротив административно стопанство.

Затоа овие измени во тој поглед ние ги баравме. Не само "Окта", ако се појави стратешки инвеститор и за "Фени", ќе го продадеме. Ако се јави стратешки инвеститор и за другите 12 претпријатија и нив ќе ги продадеме. И оваа Влада ќе ја землеме на одговорност, зошто тоа ќе го правиме. Земаме одговорност, затоа што сакаме овој проблем кој го наследивме од вас, ние сега да го решиме. Да го решиме, не заради тоа што сакаме ние сами да постигнеме некои резултати, туку заради тоа што сакаме Македонија да ја направиме пазарна земја, земја која ќе биде почитувана и врз база на тоа ќе доаѓаат и странски инвестиции и Македонија ќе биде почитувана, а ќе добива и далеку далеку повеќе помош.

Според тоа ние како Влада сме многу прагматични. Сакаме да работиме, сакаме да ги решаваме проблемите со претпријатијата, сакаме тие проблеми да бидат позитивно решавани, сакаме на луѓето да им обезбедиме работа, сакаме за таа болна ликвидација да ја направиме со пари, а не без пари, не сакаме тоа да го правиме на товарот на Буџетот, односно на сите граѓани во Македонија. Значи тоа сакам полесно, ако може со странски средства, тоа ќе биде може помалку грантови, тоа ќе биде кредити, меѓутоа тие кредити ќе бидат на долг рок, така да тој товар на државата по малку ќе го распоредиме во подолг временски период. Меѓутоа таа ликвидација на тие 12 загубари е резултат од владеењето од последните пет-шест години. Тоа владеење, таа пазарна економија која се спроведуваше во Македонија, од претходната власт доведе во состојба да вие со ММФ се договорите да ги ликвидирате тие претпријатија. Е сега, стално го експлоатирате прашањето, дури и на овој закон дека ММФ и Светска банка, ние така не мислиме. Имаме писмо, добиваме писма, меѓутоа писмата не се за овој закон или за овие измени на закон, или за овие закони кои ги менувавме. Имаме одредени забелешки, меѓутоа не за овој закон, за претходниот закон и другите закони. Ние се уште не сме ставиле на дневен ред некој закон, заради кој имаме забелешки од ММФ и Светската банка во врска со овие и другите претпријатија во Македонија.

Според тоа се она што го правиме го правиме во соработка со ММФ, со Светска банка и во интерес на претпријатијата во Македонија, затоа што во крајна линија пред три месеци "Окта" беше прогласена како старо железо, фирма која треба да се ликвидира, затоа што не може да се живее. Наеднаш ние таа фирма ја продаваме и сега се повикуваме, вие ја продавате ама не пазарно. Требаше да ја дадеме на тендер па кој ќе ја купи, ако ја дадеме на тендер. Зошто правиме демагогија пред Македонскиот народ? Кој е оној инвеститор во светот ако вие не расчистите со онаа фирма која треба да ја продадете, ќе дојде да ви ја купи? Никој нема да ви ја купи. Ниеден инвеститор нема да ви се јави во таква ситуација. Невестата се подготвува за да се мажи. Ние затоа се подготвуваме да ги мажиме тие претпријатија. Тоа се христијански, православни, човечки и се. Да не кажуваме какви се тие фирми кои ги даваме, затоа што сите тие фирми кои ќе доаѓаат имаат и профит, меѓутоа имаат и ризик кога ќе дојдат во Македонија. Немаме ние така изграден правен систем во Македонија на кој секој му го загарантира правото на сопственост. Наши фирми во Македонија им пропаѓа сопственоста. Зборуваме за еден закон во пазарна економија, некој не смее да ја ликвидира фирмата. Не смее да ја ликвидира фирмата, затоа што ќе пропадне некоја сопственост. Кој ја гарантира таа сопственост? Никој не ја гарантира. Според тоа, тоа можеме да го правиме за домашните наши граѓани, а не смееме да го правиме и за нив. Сакаме да

обезбедиме Македонија да не биде ризична земја и бизнисот во Македонија, ако една фирма влезе во Македонија и остварува профит, тоа ќе биде повик и за другите фирми во светот да доаѓаат во Македонија. А ако ние стално зборуваме, а нема ниедна странска фирма во Македонија, тогаш не треба дискусии. Или сега ние го направивме, не е ексклузивно право, ја продадевме Екстер банката, ја продаваме ексклузивно не на лицитација, само тој не ја купи, може да не ја купи и "Феник Петролеум", му даваме ексклузивно право да ја купи Стопанска банка без тендери. Денеска кај мене доаѓа друга Стопанска банка и вели сакам да ја купам ако ми дадеш ексклузивно право. Тоа е факт, дали вие сакате или не сакате терајте, ликвидирајте ја банката. Затоа некои работи кои се правеа, за кои не бевте критикувани и кои нормално ќе ги прави секоја Влада вие сакате од тоа да правиме сега пропаганда. Ние сакаме да ја намалиме невработеноста во Македонија, сакамеовие луѓе во тие претпријатија ако можеме, ќе настојуваме да ги оставиме на работа, да имаат стратешки инвеститори, да управуваат и да работат профитабилно тие претпријатија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на министерот.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Јас се извинувам, не одговорив на прашањето.

Видете, процесот на приватизација заврши. Какви се резултатите од таа приватизација, ние вчера зборувавме, Вие не бевте тука кога јас зборував за тој Закон за приватизација, колку граѓани не учествуваа во тој процес на приватизација. Јас вчера реков дека некаде 323 илјади граѓани во Македонија не учествуваа во процесот на приватизација, тие останаа на страна, а процесот на приватизација е завршен со тој закон. Ние сега се наоѓаме пост приватизационен период. Сигурно тој закон не ги опфаќа и јавните претпријатија и други претпријатија, можеби и таков закон ќе донесеме.

Меѓутоа, ние сега сме во пост приватизационен период. Приватизацијата на "ОКТА" е завршена, на "ФЕНИМАК", е завршена како и на другите фирми е завршена, меѓутоа ние сакаме, тие фирми да ги продадеме на странски инвеститори.

**САВО КЛИМОВСКИ.**

Збор побара пратеникот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Јас се извинувам што по трет пат се јавувам, уште повеќе се јавувам после министерот, меѓутоа сакам да укажам само на следната работа.

Денешнава расправа е по измените на Предлогот за измени на Законот за концесии. Оттаму, ме зачудува што на повеќе пати на сите настапи министерот кажува за активности кои што се реализираат во рамките на севкупната активност на Владата, во поглед на разрешување на проблемот со 12-те загубари.

Ве молам, тие не се предмет на овој закон. За нив концесија не важи. Концесија се дава за општо добро на односно се дава на општо добро, а во функција на јавен интерес. Тие се претпријатија, тие се најчесто со мешан капитал, со оглед на тоа што се акционерски друштва, во кој што влог има државата, кој влог државата може да го продаде или преку берза или во директна спогодба, како што го направивте со "ОКТА". Но, содржината на текстот на законот за концесии е отстапување на одредено добро, кое што треба да се валоризира преку инвестициона активност, да се реализира инвестиционен објект, кој што во еден нареден период ќе се експлоатира, а за кое што експлоатирање ќе се плаќа. И, тоа граѓаните ќе го плаќаат. Тоа е концесија. Ве молам, министер, можеби немате аргументи да го браните.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Како ќе го плаќаат граѓаните?

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Еве како ќе плаќаат, ќе дадеме на изградба со концесиски акт на изградба на пат. Тој пат нема да го изгради од што сака некој стратешки партнер, туку со експлоатација на патот сака да оствари профит. Така што, ќе се пропишат возарина, такса и секој што поминува, зависно од тоа со лесна кола, со камион или не знам со што ќе поминува, треба да плаќа. Така, граѓаните тоа ќе го плаќаат. Преку тоа стратешкиот партнер ќе остварува профит. Можам да Ви набројам и многу други примери, затоа што јас не сум идеалист во поглед на тоа што значи концесија. Има позитивен профит, има негативен профит. Во теоријата, во книгите, како што викате Вие, но Ве молам, немојте загубарите да ги мешате со Законот за концесија. Со оглед на тоа што строго е предвидено и пропишано што може во РМ да биде предмет на концесија. Тоа значи општото добро во одреден сектор, во одредена дејност, кое што е за задоволување на јавни потреби на граѓаните и тоа е содржината на законот. Друго е што Вие

елиминирате транспарентност и конкурентност околу таа активност. Јас не зборев за претпријатијата, а немам ни намера за тоа да зборувам.

Тоа е тековна економска политика на Владата, зад која што стои Владата. Но, бидејќи ова е во интерес на државата, на граѓаните во државата и јас предложив да се воздржите од измената во член 2 и да пропишете транспарентност и конкурентност и јавност во работењето, со оглед на тоа што Вие со таа измена ја елиминирате обврската во еден разумен рок, кога ќе оцените Вие дека е разумен, дадете можност и на други субјекти, дали од земјава или од надвор да се јават како потенцијални инвеститори по пат на концесија. Со тоа завршувам, со тоа што нема повеќе да се јавам, затоа што сакав само на овој факт да укажам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-динот пратеник Илија Филиповски, сака да се произнесе.

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Јас имам реплика на министерот. Тој рече дека "ОКТА" била старо железо и сега сакам да го прашам г-динот министер, дали "Хеленик Петролеум" за старото железо плаќа 32 милиони долари, значи "ОКТА" не била старо железо, таа си имала своја вредност. Тоа е прво.

Второ, дали Мамидакис навистина има понудено 35 милиони долари да плати кеш за рафинеријата. Дали Мамидакис има понудено за нафтоводот 80 милиони, а другите нудат 90 милиони долари.

Мислам, дека мора да се бара транспарентност, мора да се има јавен тендер, за да се избегнат сите непотребни шпекулации. Вака, нормално е дека ќе се јавуваат шпекулации.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник, Илија Филиповски.

За збор се јави г-динот пратеник Дика Замир.

**ДИКА ЗАМИР:**

Во име на пратеничката група на ДПА, што се однесува до овие предлози за донесување на закон за изменување и дополнување и за вчерашните дискусии за овие точки од дневниот ред, прво сакам да кажам дека ние како пратеничка група ги поддржуваме овие измени и дополнувања дадени од страна на Владата. Очигледно е дека се работи за дијаметрално различни гледишта за економските решенија. Значи, со овие измени и дополнувања, не се работи аз стратегии, големи стратегии, затоа што процесот на приватизација се знае каде донесе сите тие фирми што се со витален интерес за граѓаните на РМ, кои вработуваат многу социјални случаи кои што се денеска, со тој закон, кој за мене беше многу не практичен и со тие решенија, тие фирми се доведоа до работ на егзистенцијата. Значи, сите оние поими што Вие како опозиција ги давате, како што се транспарентност, тендерност и т.н., спаѓаат во не контабилни решенија што се однесува до пазарната економија и целите на што се спремат економските реформи за практични решенија. Значи, овие измени и дополнување се во контекст на програмата на Владата за да се смали бројот на невработените, одговорно да е пријде кон решавање на, не само на загубарите, туку на сите тие фирми, кои веќе не можеа да живеат фактички во тоа што Вие го спомнувате, во пазарна економија. Значи Вие тие фирмине ги трансформиравте да бидат компатибилни со оваа пазарна економија.

Тоа е еден многу видлив факт и сега Владата е принудена да нуди измени и дополнувања многу практични што се однесуваат до практичните примери. Затоа што се работи за овие практични примери, кои ќе влијаат во компатибилно производство, се надеваме во намалување на бројот на невработените, а мислам дека овие измени се многу транспарентни и одговорни што ги нуди Владата и министерот што ги брани.

Вие со Вашата економска реформа, со вашите економски решенија, во овие години додека бевте на власт, се виде до каде не доведовте. А, овие измени се во тек со таа економска програма на Владата. Тука нема ништо спорно. Добро е што се презема одговорност за дадените чекори.

Мислам дека овие закони, исто така, а и тие измени и дополнувања не се некои голем спор што се однесува до меѓународните институции и монетарни институции. Напротив, мислам дека со овие практични решенија ние повеќе ќе се доближиме до ЕУ и со тие институции, затоа што тие бараат практични норми, колку е бруто производот, колку е џидипито, тие ги бараат, не ги бараат овие работи што ние сакаме на маркетиншки начин да ги изнесуваме. Тие бараат практични норми, имаат поставено практични норми и ние се обидуваме со овие решенија да се приближиме кон тие норми и тогаш сакале или не, сигурно дека еден чекор понапред ќе се направи, а не поназад.

Така што, гледајќи дека овие измени и дополнувања со Предлог на закон, сметаме дека се во тек со сите овие трендови што сега

се наметнуваат на просторот на Балканот и одговорност што се зема од владината коалиција, транспарентноста, јас мислам дека е очигледна. Од страна на ДПА овие се многу прифатливи и ќе ги поддржиме. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Дика Замир.

За збор са јави Ефтимов Васил.

**ЕФТИМОВ ВАСИЛ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Влада, почитувани дами и господо пратеници.

Се јавив за дискусија со една цел. Немам право да забележувам на дискусиите од страна на пратениците од опозицијата. Тие на тоа имаат право, бидејќи се откажаа од конструктивна опозиција и имаат за цел да напаѓаат се и сешто она што го прави новата Влада. Меѓутоа, сакам заради граѓаните на Македонија, кои ја следат работата на Собранието, за да не стекнат погрешен впечаток.

Пратениците на опозицијата во своите дискусии напаѓаат со намера односно сакаат да прикажат пред граѓаните дека, новата Влада преминува односно заборава на својата обврска дека се определила за пазарна економија и оди кон онаа социјалистичка договорена економија или државен капитализам. По мое мислење тоа не е точно од следните причини. И во овој закон, како и во Законот за експропријација и т.н., се работи само во случај за претпријатијата во кои државата има државен капитал, а тие се вклучени во овие, во групата од 12 претпријатија или во слични случаи. Зошто тоа го мислам? Затоа што овде се работи во член 14, односно член 2, кој го менува членот 14, говори за стратешки инвеститор само доколку вели, не се работи за стратешки инвеститор. Значи, сите други забелешки кои ги поставуваа дискутантите тие важат и во случајот, освен ако не се работи за стратешки инвеститор. А, стратешкиот инвеститор, главно, ние се бориме да најдеме стратешки инвеститор за овие претпријатија, кои претставуваат и на Владата и на Републиката како целина проблем за нивно решавање, односно за нивно одржување во кондиција на активност. Тука е "Хемтекс", тука е "Фени" - Кавадарци, тука се и другите претпријатија. Доколку се најде стратешки инвеститор, сигурно треба да му се даде на тој инвеститор. Објавувани се лицитации и триста чуда, нека се најде некој стратешки инвеститор за "Хемтекс". Од тие причини мислам дека предлагачот на законот има право за да може да се создадат услови за побрзо решавање на проблемите, кои стојат пред оваа Влада. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Ефтимов Васил.

Збор има г-динот пратеник Биљали Мерсел.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Г-дине претседателе, почитувани пратеници, искрено да признам воопшто немав намера да се вклучам во расправа по оваа точка, туку сакав нешто да кажам по точката за предлог на измените и дополнувањата на Законот за јавни патишта, меѓутоа свесен сум дека ако се усвои овој закон, беспредметно е да се расправа по законот за кој сакав да се вклучам во расправата.

Имено, ние не можеме да се повикуваме на почитување на правна држава и начелата на правна држава, ако тие начела ги прекршуваме, односно се однесуваме така со такви постапки кои се во тешка колизија со правната држава и начелата на правото.

Имено јас ќе се послужам со примери од концесијата, кој се однесуваат на јавните патишта. Според досегашната регулатива која постои во сегашниот Закон за јавни патишта, Владата може да дава концесија било за изградба, било за искористување на јавните патишта, автопат, дел од автопатот или друг јавен пат. Правна концесија, секако имаат сите странски или домашни, приватни субјекти или правни лица, условно да ги исполнуваат законските услови кои се бараат за да биде овој концесионер, односно дали е способен и дали поседува таква материјална можност за таа дејност и т.н.

Значи, давањето според постојната регулатива на концесијата се прави со јавен конкурс и тоа стои во членот 13 на постојниот Закон. Ако не се јави во тој конкурс ни еден субјект, тогаш се оди со понуда, условно, значи тој што е заинтересиран да поднесе понуда до Министерството за сообраќај и врски. Во предлогот, сега имаме можност, дека некој може да добие концесија и бес конкурс, без оглед на тоа што воопшто не бил институт конкурс и тоа само по пат на понуда, условно да е стратешки инвеститор. И, тука се отвораат неколку дилеми.

Прво, како што стоеше во членот 13, ако никој не се јавува во конкурсот, тогаш треба со понуда до министерството за сообраќај и врски и од формално правен аспект се поставува прашањето, стратешкиот партнер кога треба да ја поднесе таа понуда и каде.

Тука има една нелогична претпоставка. Се претпоставува дека тој претпоставениот стратешки партнер е запознаен со понудите, за кои тој наводно е заинтересиран да ги прифати, меѓутоа не однапред, има информации дека има потреба за концесија, која нема да ја добие со јавен конкурс. Мислам дека укинувањето на институцијата јавен конкурс, недвосмислено ќе доведе до тешки манипулации, до волонтаризам во државните органи, до арбитраризам на институциите на власта и т.н. и тоа ќе заврши со незаконие, а колку многу се заколнуваме на законско работење и т.н.

Така како што се нуди тоа, не само што не е логично, туку е драстично во спротивност со постојниот Устав на РМ, со кој пак се предвидува едена рамноправна положба на субјектите на конкуренцијата и пазарот и тоа дури се санкционира со членот 8 од Уставот, кој конкуренцијата односно слободниот пазар го воздигнува до ниво на основни вредности на правниот поредок и Уставот на РМ. Значи мислам дека сме на пат да ги прекршуваме нај императивните норми на Уставот на РМ. Елиминација на пазарната економија не знам дали може да заслужува поинаков коментар или вреднување. Мислам дека, тоа најмалку треба Владата да го направи, од причина што Владата е прва структура, прв субјект кој е должен да ги спроведува законите и да ја зачува законитоста. Најмалку Владата може да се однесува и да работи надвор од законите и Уставот. Имено во Уставот никаде децидно не стои, не можам да се сетам кој член кој таксативно ги набројува правата и обврските на Владата, меѓутоа на тоа рангирање, на таа селекција на овластувањата, никаде не стои дека Владата има овластувања да одредува стратешки партнер. Сепак тука се работи за измислување на една нова функција која не стои во Уставот, или пак нова надлежност.

Ќе беше се во ред со оваа работа, или пак од формално правен аспект ќе беше во ред ако условно ќе имавме еден закон кој ќе се викаше, условно кажано, Закон за стратешки партнер и потоа со тој закон таксативно ќе се набројат условите кои треба да ги исполнува тој субјект, кој претендира да биде стратешки партнер по одделна дејност. Вака ние сме на пат некои важни дејности од сферата на пазарната економија да ги доведеме на ниво на политички манипулации, на ниво на волонтаризам, арбитраризам и т.н.

Предлагам законот, односно предлогот да оди во две фази, така што уште еднаш од стручен аспект да видиме од професионален аспект да го направиме по компетентно и да видиме дали предлогот што ни се нуди е во согласност со основните начела со Уставот на РМ.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Го молам министерот ако има да каже нешто ново, да повели па да можеме да завршиме со расправата по оваа точка.

Исто така, ги молам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата, бидејќи треба да гласаме по амандманот.

Има збор министерот за финансии г-дин Борис Стојменов.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Тешко е да барате вие спас од судија кој ве осудил на смрт и да одите и од него да барате мир. Тоа се тие претпријатија, 12 загубари, осудени на смрт од страна на претходната Влада, со прифаќањето на аранжманот со Светската банка и сега она нормално нема решени за тоа, она бара смрт за истите.

Сега се јавуваме ние другите па велиме, не мора да има смртна пресуда. Ние мислиме дека тие може да останат живи. Така да суштината на проблемот е тука, дали сакаме ние сите да ги ликвидираме, тие кои вие ги осудивте, или сакаме да ги спасиме. Сега велиме дали тоа има врска со законот.

Стратешки инвеститор е категорија која се однесува на тие претпријатија. Ние со Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, кажавме овие претпријатија 12 загубари ќе ги продаваме на стратешки инвеститор. Стратешкиот инвеститор е идниот инвеститор и е врзан за тие 12 загубари. Терминот произлегува од нив и не случајно е ставен и овде тој термин - стратешки инвеститор. Инаку што е стратешки инвеститор. Има други причини. Вие можете да правите теории за стратешки инвеститор, меѓутоа стратешки инвеститор е измислен за 12-те загубари. Од тука сега велиме стратешкиот инвеститор ако се јави за тие 12 претпријатија, ако сака да ги откупи тие 12 претпријатија и ако даде добра понуда, ние ќе го дадеме тоа. На пример ќе ја купи "ОКТА" и покрај "ОКТА" ќе гради и нафтовод и тоа ќе му го дадеме. Тоа за никој друг не важи. Значи тендерот и понатаму си важи. Тендерот не важи за 12 загубари. Тука останува само тоа.

Ќе се договориме, ако г-динот Николче како шеф на пратеничката група каже, како ќе го реши прашањето до 30 септември на 12-те загубари, јас ќе повлечам овој член од законот, само да каже како ќе го реши проблемот. Еве да сфатите дека за нив е тоа. Нека каже како ќе го реши, спрема

неговото решавање ја ќе го повлечам законот.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас на г-динот Борче радо ќе му објаснам како тоа да го направи, со тоа што ќе го повлече Законот за концесии, затоа што тој не се однесува на 12-те загубари, туку се однесува на сите можни случаи, во кои РМ би давала концесии. Мислам дека дискусијата на г-динот Бузлевски беше во ред и да не ја пренасочуваме дискусијата, за секој закон кој се носи овде дека тоа е проблем на претходната Влада, кој ние ќе го решиме.

Јас сум изненаден од пристапот на Владата во кој се соопштува дека проблемот со 12-те загубари го создаде претходната Влада, на пример. Тоа е појдовна основа од која се дава за право да се генерираат проблеми, како што сега се генерираат. Мене ми е жал ако Владата нема сознанија дека, на пример проблемот со "ФЕНИ" датира многу поодамна, проблемот со "Железарата", градена во шеесетите години, со "ОКТА" е многу поодамна проблемот и тие проблеми не генерираат на таков начин како што вие сакавте сега да ги објасните. Тие проблеми генерираа од други причини, за кои можеме да ви укажеме ако сакате, еве би прифатиле таква функција. Меѓутоа, ако тргнете од таа претпоставка, тогаш ќе прифатите и претпоставка дека некои објективни околности сега со косовската криза се на вашата глава како Влада. Објективни околности, услови во кои се граделе, егзистирале, начинот на стопанисување во тоа време, државниот социјализам и социјализмот со договорната економија создавале услови за такви претпријатија, кои не опстојувале како што треба во помала држава, со помал пазар, со поинакво стопанство. Некои успеале, некои не успеале да се трансформираат.

Меѓутоа по Законот за концесии, на пример да доведете прашања на еден од 12-те загубари, на пример "Хемтекс", нема никаква врска, затоа што концесија за изградба на фабрика на хемиски влакна, никој во светот не дава. Тоа може секој што има пари да изгради и не треба за тоа да добие концесија од државата. Не дај боже ако Владата мисли дека и за тоа треба концесија.

На крајот на краиштата секој од нас за да земе воздух, сега треба концесија да добива. Ние само кажуваме дека концесиите не се даваат во договор меѓу Владата и оној кој ја добива концесијата. Тие се даваат на лицитација и од економски и од правни причини, за кој сега г-динот Биљали зборуваше.

Ако вие цело време упорно инсистирате да ја пренасочите таа работа на поинаков просек, мислам дека тоа е погрешен пат. Вие добро рековте и ние веќе очигледно со тоа нема да дебатираме. Вие ја преземате одговорноста. По наше преземате голема одговорност. Доказ за тоа се идните два закони. Таму веќе 12 загубари.

Меѓутоа во Законот за јавните патишта вие барате по концесијата да немате јавна лицитација за изградба на патишта. Кој е јавен загубар при изградбата на патиштата во Македонија. Кој е тој нафтовод кој сега има загуби и кој треба сега вие со концесија да го доделите. Тоа се многу инвестиции, а во концесијата ќе има уште такви инвестиции за кои г-динот Црвенковски зборуваше дека ќе се даваат без пазарни влијанија, дека ќе се даваат во договор со Владата.

Вие пред малку кажавте, реплицирајќи на моето излагање не сакав да се јавам, сега ќе го искористам тоа, дека тоа е демагогија. Напротив јас мислам дека е демагогија кога ние не уверуваат, дека само таа фирма која сте ја одбрале е добра за да инвестира таму. Она од што сакаме да избегаме во оваа држава е да не одлучува некој кој се нашол за повикан, согласно законите, дека он знае како тоа треба да го направи, туку треба да го направи некој друг механизам. На крајот на краиштата нас ни е жал што вака добива насока, меѓутоа еве имате поддршка и гласајте си го законот сами.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Поповски.

Ве молам, повторно се јавуваат истите дискутанти, односно го имаме за пријавено Ѓорѓи Котевски, Васил Ефтимов, за пријавени дискутанти.

Но јас мислам да привршиме со расправата, затоа што доста аргументи беа кажани и од едната и од другата страна.

Ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата, бидејќи ќе почнеме да гласаме и да не се случи да немаме 61 пратеник овде, а тие да се во бифе, во фоајето и т.н.

Г-динот Васил Ефтимов има реплика.

**ВАСИЛ ЕФТИМОВ:**

Претходниот дискутант претходно кажа дека се работи за "Хемтекс". Не се работи за "Хемтекс".

Меѓутоа, до колку има стратешки инвеститор за "Хемтекс", он може исто така да биде повластен мислам не повластен, меѓутоа има право по Законот да оди во концесија.

Во таа смисла е тоа, а “Хемтекс“ не може да се даде под концесија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Констатирам дека веќе расправата е завршена.

Го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за стопанство поднесе амандман на член 1, по кој Владата не се произнела.

ЗПК поднесе амандман на член 2 став 2 и 3, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот по член 1, поднесен од Комисијата за стопанство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 2 и 3, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За Законот гласале 59 пратеници, 1 пратеник е воздржан и тројца пратеници се против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за концесија.

Минуваме на деветата точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика, со Предлог на законот.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставено, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам дали некој бара збор?

Г-динот Никола Поповски сака процедурално да се обрати.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван г-дине претседателе, го користам моето деловничко право да ве повикам, службите, врз основа на присутниот на пратеници, а не вметнати картички во механизмот за гласање, да ни кажат колку присутни пратеници во овој момент се во салата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Според она што гласале присутни се 63 пратеници.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас молам тоа да се утврди од службите дали е точно, дали имаме 63 пратеници во салата.

Тоа согласно Деловникот го барам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Законот е веќе гласан.

Јас гледам по тоа како е гласан.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Не спорам ништо со вас.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Вие можете нешто друго да побарате, деловнички.

Можеби да побарате, да речеме да се повтори гласањето.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Не, не. Има одредба за повторување на гласање. Не го барам тоа.

Согласно Деловникот барам да се утврди дали во салата има 63 гласа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Само ако од 10 пратеници добие поддршка тогаш можам.

Инаку не можам сега да го повторам целото гласање.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Не барам да се повтори гласањето. Барам службите да утврдат, со пребројување на присутните пратеници, дали има 63 пратеници во салата, а да гласаме повторно. Тоа е деловничко право.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас не ги бројам поединечно, туку одам по однос на тоа како гласале.

Претпоставувам дека има 63 пратеници, од вкупно 80 колку што има картички внесено.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас согласно Деловникот, барам да ми потврди службата за бројот на пратениците.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, тогаш нека се пребројат, да утврдиме дали има толку пратеници.

Ве молам пребројте во салата дали има 63 пратеници.

Службите ме известија дека во овој момент во салата имаме 63 пратеници.

Продолжуваме со расправа по деветата точка.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор?

Има збор министерот за стопанство, г-динот Михајло Толевски.

**МИХАЈЛО ТОЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Го имате Законот за енергетика, кој е донесен во 1973 година. Овој закон ја опфаќа севкупната енергетика, тоа е електро - енергетиката, гасната и нафтената со минералните енергенти.

Во меѓувреме, се појави потреба од дополнување на овој Закон, односно со дополнувања кои го доближуваат до Законодавството на Западно Европската Унија, односно потребата од дополнуваше спрема барањата на енергетската повелба, договорот за енергетска повелба, кој што е потпишан минатата година и од нашата земја. Тоа значи приближување и на овој Закон кон Западно Европската легислатива, затоа се внесени следните елементи во ова дополнување.

Од енергетската повелба, директивите кои ја покриваат оваа материја и од другата регулатива се бара на пример да се воведе и трговија и транзит на енергијата преку енергетските системи на државата, односно ова подразбира да може и електричната енергија и гасната енергија да се пренесува од еден регион во друг, од една држава во друга, преку територијата на нашата држава, односно енергетските системи.

Друг елемент кој е внесен во врска со размената на енергијата преку енергетските системи е пристапот до енергетските системи. Овој феномен досега не беше регулиран во овој Закон, а се јавува како битен елемент што го бара Западноевропската регулатива. Ова треба да значи некој независен производител на електрична енергија, на пример, кој сака да ја пренесе или да тргува со таа енергија, да ја продава, во нашиот случај, на Јавното претпријатие, Јавното претпријатие да мора да му даде пристап на таквиот барател.

Од друга страна мора да биде регулирана услугата, односно надоместот за таквата услуга, преку енергетскиот систем. Во овој закон е опфатено и тоа ако Јавното претпријатие, во случајот, или друга компанија која има добиено право на експлоатација на такви системи, не сака да го направи тоа од било кои причини, да има право да се регулира, како што е предвидено во законот со арбитража, како што е дадено во текстот.

Друг момент кој е битен во овој закон, е внесен моментот како потреба за инвестирање во енергетиката кое е многу битно, познато ви е дека е многу скапо, односно капитално многу интензивно. За системите кои се практикуваат во Западноевропските економии и понатаму во развиениот капитализам, е системот на давање таканаречен BOT, односно да се изгради системот, да се експлоатира и пак да се отстапи на државата или на Јавното претпријатие или на националната економија. Овој систем се практикува во многу области, исто така и во енергетиката. Затоа имаше потреба да се внесе и овој момент во овој закон.

Ценовните односи во законот се регулирани дека се донесува тарифен систем за сите енергенти. Но, за цените не беше прецизно дефинирано што е цена на големо, односно цена на праг на систем и цена на продажна, односно малопродажна. И тој елемент е внесен во законот.

Друг елемент кој е преземен исто така од последните решенија во западните законодавства, тоа е проблемот на ефикасно користење на енергијата. Овој феномен до сега беше внесен во законот, но не доволно, сега се појаснува со елементи за односот на формирањето на повластиците, што можат да се даваат на тие корисници на тие средства, ако ја подобруваат ефикасноста на користењето на енергијата.

Исто така и во овој закон се проткајува веќе дискутираниот елемент на стратешки инвеститор, затоа што има потреба во областа на енергетиката да се решаваат проблеми кои се многу добро дискутирани од оваа говорница. Ќе го нагласам феноменот на пример од мое искуство во 1994 година на еден семинар во Будимпешта, кој се држеше на тема "Енергетика и екологија", во организација на Светската банка, изрично беше кажано, а беше организиран за пост комунистичките земји од Европа. Беше кажано и семинарот инсистираше да сфатиме дека во економијата, односно енергетиката допуштањето да се има приватни производители на енергија е неминовност, ако сака тие економии да имаат поддршка од Светската банка.

Спрема тоа, во овој закон и тој момент е внесен да се допушти инвеститори кои сакаат да бидат независни, да имаат можност да инвестираат во нашата енергетика, по правила и по регулативи од овој закон тоа да биде допуштено. Во тоа време беше не поимливо некој да спомне дека во енергетиката може да се случи такво нешто, ако сме пазарно стопанство и енергетиката до еден степен мора да биде приватизирана со задршката да се останува на некои решенија, како за транспортните системи, далекуводите, високонапонски врски да останат во државна сопственост или во јавни претпријатија, но најмалку производството да се дерегулира, односно да се допушти да може да се вклучат и други инвеститори, други производители по одредени правила на игра.

Односно, во овој закон се даваат доста насоки, односно моменти и елементи од меѓусебните договори, кои треба да бидат вклучени во таквите решенија. Има и ситни забелешки, односно дотерувања на текстот, кои сметам дека не се посебно битни за дискусија. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на министерот за стопанство, господинот Михајло Толевски за воведното излагање.

Отворам расправа. Молам, кој бара збор?

Има збор Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Со оглед на значењето на законот, јас би го замолил господинот Толевски да даде, тој очигледно во своето образложение членот 23 го смести во последната група на помалку важни, бидејќи детално не го елаборира што значи, па јас би го замолил со оглед дека може да се толкува на различни начини членот 23 од предложениот закон, што тој всушност значи, затоа што упатување дека трансформацијата ќе се врши кај правните лица, кои вршат дејност од член 4 од стариот Закон, а тој член 4 изменет со овој закон останува дејноста, производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија, односно дејноста на Електростопанството на Македонија и понатаму кажува дека согласно Законот за трансформација, во рок од шест месеци ќе се изврши таа трансформација, навистина останува нејасно дали овој член упатува на трансформација на Електростопанството на Македонија, на пример во рок од шест месеци или упатува на нешто друго што не можеме да го извлечеме од контекстот на овој член?

**МИХАЈЛО ТОЛЕВСКИ:**

Обично повеќе ги опфаќа енергетските претпријатија, како Топлификација, кои се акционерски друштва, а за јавните претпријатија каде што е државен капитал, отсуствува.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика.

Ве молам да се изјасниме со гласање.

62 пратеници гласале, од кои 58 за, 4 против, нема воздржани.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Ве молам исто да гласаме.

Ќе ве молам имаме 59 пратеници.

Давам 15 минутна пауза.

Координаторите на пратеничките групи да видат дали има доволно пратеници, па потоа да почнеме да работиме, инаку вака не може да се работи.

(Седницата прекина со работа од 14,00 до 14,45 часот). (По паузата).

Продолжуваме со работа.

Бидете стрпливи, затоа што ќе имаме само гласање, па затоа немојте да излегувате, бидејќи со кворумот сме тенки.

Продолжуваме со 9-та точка.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Ве молам да гласаме.

За предлогот гласале 64 пратеници, нема воздржани, а тројца се против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 9 за бришење на новиот член 13-6, член 11 во новиот член 17-

в за бришење на став 5, член 13, член 19, член 24, по кои Владата не се произнела.

Ве молам претставникот на Владата, ако има, во однос на некои амандмани да се произнесе.

Отворам претрес по амандманот на член 9, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**МИХАЈЛО ТОЛЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за бришење на новиот член 13-б, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**МИХАЈЛО ТОЛЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 11 во новиот член 17-в за бришење на став 5, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**МИХАЈЛО ТОЛЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 13, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**МИХАЈЛО ТОЛЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 19, поднесен исто така од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**МИХАЈЛО ТОЛЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 24, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**МИХАЈЛО ТОЛЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Продолжуваме со претресот по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За предлогот гласале 67 пратеници, двајца се воздржани и 4 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за енергетика.

Преминуваме на 10-та точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на закон, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, дали некој бара збор?

Господинот пратеник Никола Поповски побара збор.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Од истите причини, за да не ги повторуваме од кои не гласавме за Законот за концесија, мислиме дека тие принципи сега само наоѓаат олицетворение во специфичните закони, кои ќе ги следат концесионите дејствија на Владата и во овој закон.

Од тие причини не сме подготвени да го поддржиме донесувањето на Предлогот за донесување на закон и на законот во целина.

Ќе гласаме против, од причините изнесени во претходната расправа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Никола Поповски.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го донесе следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта.

Ве молам да гласаме.

За предлогот гласале 65 пратеници, двајца воздржани и 7 против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Ве молам да гласаме.

За предлогот гласале 64 пратеници, двајца воздржани и 8 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 1 став 1 и 2, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот ан член 1 став 1 и 2, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**РЕЏЕП АСАНИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За предлогот гласале 62 пратеници, тројца се воздржани и 8 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта.

Преминуваме на 11-та точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за пристап до информациите, учество на јавноста во одлучувањето и пристап до правдата за прашања поврзани со животната средина, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, дали некој бара збор?

Збор побара господинот пратеник Кирил Настески.

**КИРИЛ НАСТЕСКИ:**

Оваа конвенција донесена во Аркус - Данска во 1998 година, во која учествуваше делегација на Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина, во секој случај заслужува внимание и треба да се ратификува од наша страна.

Правата на пристап до информациите, учеството на јавноста во одлучувањето и на пристап до правдата за прашањата сврзани со заштитата на животната средина, се едни од основните права на секој поединец, како право да живее во животна средина што одговара на здравјето и добросостојбата. Граѓанинот мора да има пристап до сите информации, што се однесуваат на животната средина. Но, што ни се случуваше нам во последните неколку месеци.

Занесени од хуманитарната катастрофа што се случи, како последица на војната во СРЈ, прашањата за деградирање на животната средина и последиците врз здравјето на луѓето, беа оставени на втор план. Од Министерството за животна средина постојано добивавме информации дека, нема опасност по животната средина и природата, а често имавме и не усогласеност со информациите од Заводот за здравствена заштита, како и другите надлежни институции.

За разлика од тоа, стручњаците по технологија, хемија и други предупредуваа на опасностите, а присуството на фурани, диоксини, бензопирени, никој не го мереше. Постојано ни се сервираа информации дека поради користење на бомби со осиромашен ураниум, не се зголемува штетното радиоактивно зрачење, иако тоа во април беше 8 пати поголемо отколку во март, а војниците на НАТО носеа заштитни капи.

Ни денеска никако не можеме да дојдеме до вистинската информација, што се случуваше во заштитната зона на Рашче и кои се последиците од тоа. Некои велат дека се потребни 10 години за да се санира состојбата.

Со Конвенцијата дадено е правото на граѓаните да учествуваат во одлучувањето, да даваат свои забелешки, мислења и т.н., додека во светот и за најмал проблем од еколошки карактер се отвораат широки дебати, сега се изготвува физибилити студија за можностите за изградба на депонија за опасен отпад во Криволак, без да се слушне гласот на жителите, особено од овој крај, без да се слушне гласот на многубројните еколошки друштва, кои за среќа, постојано реагираат на вакви нарушувања на животната средина.

На крајот сакам да нагласам се надеваме дека оваа конвенција во многу ќе не освести и сите овие пропусти ќе ги надминеме во наредниот период.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И јас се надевам во истото дека ќе биде така.

Сепак, тоа зависи и од нас најмногу.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за пристап до информации, учество на јавноста во одлучувањето и пристап до правдата за прашањата поврзани со животната средина.

Ве молам да гласаме.

77 пратеници гласаа за, 1 е воздржан и против нема.

Според тоа констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува и предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

77 пратеници гласаа за, нема воздржан, а 1 е против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 1, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЖИВКО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

74 пратеници гласаа за, против нема, воздржани нема.

Според тоа констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Конвенцијата за пристап до информации, учество на јавноста во одлучувањето и пристап до правдата за прашањата поврзани со животна средина.

Минуваме на точката 12 - Предлог за избор на судија на Основниот суд во Гостивар.

Предлогот за избор на судија на Основниот суд во Гостивар и Мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за избор на судија на Основниот суд во Гостивар го ставам на Гласање.

72 пратеника гласаа за, 1 е против, воздржаниж нема.

Констатирам дека Герасим Герасимовски е избран за судија на Основниот суд во Гостивар.

Минуваме на точката 13 - Предлог за именување заменик Јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Кавадарци.

Предлогот за именување на заменик Јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Кавадарци и Мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес. Кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за именување на заменик јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Кавадарци, го ставам на гласање.

69 пратеници гласаа за, 3 пратеници се против, воздржани нема.

Констатирам дека Елизабета Мишева е именувана за заменик Јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Кавадарци.

Минуваме на точката 14 - Предлог за разрешување заменик јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Кочани.

Предлогот за разрешување заменик Јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Кочани и Мислењето на Комисијата за прашањата на изборите и именувањата ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес. Молам кој бара

збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот. Предлогот за разрешување заменик Јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Кочани го ставам на гласање.

71 пратеник гласаа за, воздржани се двајца, против нема.

Констатирам дека Јован Ралповски е разрешен од функцијата заменик Јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Кочани.

Минуваме на точката 15 - Предлог на одлука за именување претседател и членови на Републичката комисија за односи со верските заедници.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес. Кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

72 пратеници гласаа за, 2 се воздржани и против нема.

Според тоа констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување претседател и членови на Републичката комисија за односи со верските заедници.

Минуваме на точката 16 - Предлог на одлука за именување членови на Посебна комисија за изготвување предлог за именување декан на Факултетот за учители и воспитувачи во Битола.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. Кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

65 пратеници гласаа за, 10 се против, воздржани нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување членови на Посебна комисија, за изготвување предлог за именување декан на Факултетот за учители и воспитувачи во Битола.

Минуваме на точката 17 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар Охрид.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. Кон бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

76 пратеници гласаа за, против нема, воздржани нема.

Според тоа, констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствен организација "Медицински центар" - Охрид.

Минуваме на точката 18 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација “Медицински центар“ - Штип.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. Кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

75 пратеници гласаа за, против нема, воздржани нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Јавната здравствена организација "Медицински центар" - Штип.

Минуваме на точката 19 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација "Здравстве дом" - Ресен.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. Кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

76 пратеници гласаа за, против нема, воздржани нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација “Здравствен дом“ - Ресен.

Минуваме на точката 20 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација “Градска аптека "16 јуни" - Кавадарци.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. Кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

73 пратеници гласаа за, 1 воздржан, против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација “Градска аптека "16 јуни"- Кавадарци.

Минуваме на точката 21 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација “Медицински центар д-р Русе Бошковски“ - Ростуше.

Предлогот на одлуката ви е поделен. Кој бара збор?

**ЛАТИФ ПАЈКОСКИ:**

Г. претседателе, претставници на Владата, почитувани колеги на минатата седница кога оваа Предлог одлука беше на дневен ред после моите укажувања претставникот на Комисијата ја повлече истата одлука.

Меѓутоа, сега не знам од кои причини повторно се предлага истиот состав на членови во Управниот одбор. Би сакал тука да искажам повторно едно мое негодување на ваквиот пристап, кон предлагање на членови во Управниот одбор од страна на Комисијата. Навистина не знам од кои причини тоа е направено. Во секој случај ако се работи за некоја грешка, тогаш би го прифатил тоа, меѓутоа ако се работи за деградирање практично на мојата личност како пратеник од таа изборна единица од тој простор, со тоа не би се согласил затоа што сепак 7.500 избирачи кои што го дадоа гласот за мене, практично бараат и на ваков начин мое вклучување во решавање на проблемите од оваа Изборна единица, особено ако се знае дека Јавната установа д-р Русе Бошковски од Ростуше, е единствената јавна установа во општините Ростуша и Маврово, од кој простор и јас потекнувам. И би сакал тука ако е можно од страна на претставникот на Комисијата да даде објаснување, дали во секој случај ова е предлог на директорот на Јавната здравствена установа, или е тоа предлог на Комисијата?

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Го молам претседателот на Комисијата г. Чедомир Краљевски да ни објасни.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Прво, би саскал да кажам дека нема никакво деградирање на личноста на пратеникот Латиф Пајкоски.

Точно е тоа што го вели дека јас го повлеков Предлогот на минатата седница за Здравствениот дом Ростуше по негова иницијатива. Како што е редот го ставив повторно на седница на Комисијата за избори и именувања и резултатот е тој како што е сега предложен.

Едноставно членовите на Комисијата за избори и именувања останаа на првиот став.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Го слушнавме мислењето. Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

68 пратеници гласаа за, против 4, воздржани двајца.

Според тоа констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар д-р Русе Бошковски - Ростуше.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Преминуваме на 22-та точка - Предлог одлука за огласување, именување заменици на јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство во Скопје.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам општ претрес. Дали некој бара збор?

Збор побара господинот пратеник Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Претседателе, јас побарав збор за претходната точка што помина на дневен ред, вие не реагиравте. Јас ја користам оваа прилика, без разлика што помина точката, предлогот што помина со резултатот како што помина. Јас и не гласав, мислев дека ќе ми дадете збор.

Сакам да го искажам мојот личен протест во врска со не прифаќањето на протестот на претходниот пратеник. Мислам дека на таков начин се нарушува дигнитетот на Собранието. Ако еден пратеник избран од изборната единица не може да влезе во Управен одбор на јавна здравствена организација, која патем речено, нема никакви посебни овластувања за одлучување, со оглед на неговата поставеност во Законот за здравствена заштита.

Мислам дека овде се работи или за превид или за една непријатна ситуација, во која може да се најде секој пратеник од ова Собрание. Јас мојот протест јавно го изразувам овде пред колегите пратеници, дека први се тие, всушност ние сме тие први што треба да го штитиме сопствениот и заедничкиот дигнитет, а со тоа и дигнитетот на ова Собрание.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот Наќе Стојановски.

Тоа се однесуваше на претходната точка и тоа е повеќе како укажување за натамошната работа на Комисијата.

Одиме сега на 22-та точка, реков тоа е Предлог на одлука за огласување именување заменици на јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство во Скопје.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам општ претрес. Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За предлогот гласале 78 пратеници, воздржани и против немаме.

Според тоа, констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување именување заменици на јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство во Скопје.

Минуваме на 23-та точка - Предлог одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација "Медицински центар" - Куманово.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. Дали некој бара збор?

Збор побара пратеникот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, колеги пратеници, дозволете во името на пратеничката група на СДСМ, да го изразам нашиот став по оваа точка.

Вие се сеќавате дека на една од претходните седници, каде што исто така согласно законите Собранието одлучуваше за избори и именување на членови на управни одбори, настана една полемика, во која конечно укажавме дека како опозиција во овој Парламент, секаде каде што се именуваат членови на Јавни здравствени организации, особено во градовите каде што изборните резултати упатуваат на значително влијание на СДСМ, во гласачкото тело дека сме заинтересирани за учество во тие управни одбори, доколку бројот, како што беше кажано, дозволува учество на опозицијата. Тогаш сфативме дека од страна на претставникот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, тие проблеми не се не надминливи и ако во една редовна процедура се покренуваат и решаваат, не е проблем тоа така да се решава.

Врз основа на тоа, за Управниот одбор кој брои четири членови и во кој мнозинството на владеачката коалиција не би било загрозено со учество на член во Управниот одбор од страна на СДСМ како опозиција, мислевме дека нема да биде проблем, но еве сега тука се јави некаков вид проблем, повторно четирите члена се од коалицијата.

Со оглед дека ние ја изминавме процедурата, во Комисијата дадовме формален предлог кој беше отфрлен, не наоѓам за потребно повторно амандмански да реагираме, со оглед дека Комисијата во која учествува коалицијата го разгледа нашиот предлог.

Сегашниот наш предлог е сепак оваа точка да се симне од дневниот ред и на наредната седница да се прифати учеството на СДСМ во Управниот одбор во "Здравствената установа" - Куманово, согласно она што го дискутиравме минатиот пат за желбата за наше учество во вакви управни одбори, се додека законите кои се на сила, тоа го овозможуваат на Парламентот.

Имам еден апел и врз основа на една од дискусиите на минатата седница, каде што се укажа дека тоа не би било проблем, да не се прави селекција за нашето учество во некои градови може, во некои не може, што значи на некој начин сме диригирани каде може каде не може да учествуваме. Ние би сакале каде што има можност да се учествува, меѓутоа без диригирања.

Од тој аспект сметам дека би било корисно за односите во Парламентот, да се повлече оваа одлука.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Го молам претседателот на Комисијата, Чедомир Краљевски да земе збор.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани колеги пратеници, членови на Влада.

Прво, во принцип би кажал неколку зборови кога се работи за тела што ги предлага Комисијата за избори и именувања на Собранието, односно што ги избира Собранието кога се работи за два, три или четири члена, а после ќе се осврнам конкретно на точката што е сега на дневен ред односно на "Медицинскиот центар" - Куманово.

Собранието на РМ, согласно законските решенија, меѓу другото, избира и именува членови односно претставници на Републиката во органите на управувањето во одделни јавни институции и организации на предлог на Комисијата за изборите и именувањата. Бројот на овие членови односно претставници на Републиката е утврден на четири односно три, согласно законите кои ги уредуваат соодветните области и статутите на институциите и организациите. При утврдувањето на овие предлози, непосредно по почетокот на овој парламентарен состав на Собранието, Комисијата на џентлменски начин изгради демократски став во однос на предлозите од страна на опозицијата, со што се почитува и се почитуваат во најголемиот број случаи предлозите од опозиционите партии во Собранието. Не би сакал сега да ги набројувам досегашните примери за примената на овој став на Комисијата, бидејќи досега Собранието донесе многу одлуки на предлог на Комисијата, во кои беше запазен овој став, но би сакал да напоменам само дека и во други органи, совети и тела што согласно законите ги основа Собранието на предлог на Комисијата е применуван овој принцип на работа на Комисијата, согласно парламентарната демократија и бројот на пратениците во Собранието на РМ од опозицијата.

Впрочем и при предлагањето на претседателите и членовите на работните тела на Собранието на РМ, Комисијата се придржуваше на овој принцип, имајќи го предвид составот на Собранието на РМ, па дури се направија и мали отстапки за опозицијата. Во прилог на ова би ги споменал само пратеничките групи за соработка на Собранието на РМ со парламентите на одделни држави, кои Собранието неодамна ги основа.

Исто така, би спомнал дека многу пати во работењето на Комисијата беа уважени укажувањата и сугестиите на членовите на Комисијата од опозиционите партии, во смисла некој предлог да биде вратен на дополнителна корекција. Меѓутоа, Собранието на РМ на предлог на Комисијата утврдува и предлози со двајца членови во посебните комисии за изготвување предлози за именување декани на одделни високо - образовни институции и двајца претставници на Републиката во советите на овие институции.

Во вакви случаи, кога се именуваат двајца членови, не е можно прифаќање само еден кандидат да предлага позицијата, а еден опозицијата, односно изедначување на правото на предлагање на позицијата и опозицијата, особено во услови кога останатиот дел од составот на овие комисии и тела се се уште под влијание на сегашната опозиција, од причина што на тој начин се губи смислата на парламентарната борба, а институтите избори и повеќепартиски Парламент стануваат апсурдни.

Дека и во вакви случаи Комисијата ги прифаќала предлозите на опозицијата, ќе наведам пример со Советот на Архитектонскиот факултет во Скопје, каде се именувани претставници на Републиката, еден предложен од позицијата и еден предложен од опозицијата. Исто се случи и со Техничкиот факултет во Битола. Имено, Собранието на Република Македонија на предлог на Комисијата донесе одлука за именување членови на посебна комисија за изготвување предлози за именување декан на Техничкиот факултет во Битола, со која во оваа посебна комисија именуваат двајца членови, еден на предлог на позицијата, еден на предлог на опозицијата.

Но, при работата на таа посебна комисија, при утврдувањето на Предлогот за декан на Техничкиот факултет, токму поради тие останати влијанија на опозицијата, посебната комисија не успеа да ја заврши работата за која е основана, односно не успеа да утврди предлог за декан на овој факултет. Со ова непотребно се одолговлекува постапката за утврдување предлог за декан, па оттука произлегува дека работата на Парламентот на Комисијата за избори и именувања априори е јалова, затоа што на тој начин предложените членови секогаш гласаат спротивно и нивниот придонес во работата на телото, каде што се именувани е нула. Заради рационалност произлегува заклучокот дека подобро и да не предлага членови Парламентот, а спротивно на ова произлегува заклучок: Ако Парламентот сака да помогне во ажурноста и работењето на телата, каде предлага двајца членови, тие членови да бидат монолитни во коресподенција со парламентарното мнозинство.

Поради ова, како и поради бројот на пратениците од опозицијата, сметам дека во вакви случаи изедначувањето на позицијата и опозицијата не е потребно. Со ова позицијата сака само да воспостави рамнотежа на од претходната власт воспоставена апсолутна доминација, а никако да постигне апсолутна превласт. Имено, јасно е дека во периодот од 1994 до 1998 година во овие тела не бил поставен па макар и симпатизер на ВМРО-ДПМНЕ. Во тој период сите структури беа на СДСМ како владеачка партија, па чудно е што се уште настојува како опозиција да ја прави истата грешка што ја чинеше. Ова не го кажувам од лицемерие

или некакво душебрижништво кон СДСМ, туку го кажувам само во прилог на поставување на универзалниот принцип на постоење на два спротивставени ентитета, што продуцира прогрес и развој на демократските процеси и односи. Тоа сакав општо да го кажам, а сега да се осврнам на "Медицинскиот центар" - Куманово.

Веќе реков дека на џентламенски начин беше воспоставен принцип на учество на опозицијата, во однос на телата на управување во Јавните здравствени организации, што ги именува Собранието. Но, како што знаете од секое правило има исклучок, па во случајот "Медицинскиот центар" - Куманово е исклучок. Имено, состојбите во овој "Медицински центар" од страна на претходната управа, вклучувајќи го тука стариот управен одбор и поранешниот директор, е доведена до работ на катастрофа, како во однос на финансиско - материјалната состојба, така и во однос на кадровската политика и организацијата на работењето. Овде би напоменал дека, еден од членови на стариот управен одбор е и сега актуелниот пратеник на СДСМ, господин Благој Стојковски.

Оттука, а се со цел да ги отстраниме сите негативности во Медицинскиот центар во Куманово, скромен придонес на ова Собрание, е да одреди четири надворешни члена на Управниот одбор на "Медицински центар" – Куманово, кои ќе бидат и ќе одлучуваат во функција на елиминирање на натрупаните негативности, со кои во костец се фати и новиот амбициозен директор на "Медицинскиот центар" - Куманово. Демагогијата во форма на конструктивна опозиција е премногу провидна и веќе е чиста фраза. Токму опструкцијата што ја прави опозицијата на секој чекор беше критериумот мнозинството во Комисијата за избори и именување да му предложи на Собранието ваков предлог за персоналниот состав за надворешни членови на Управниот одбор на "Медицински центар" - Куманово, за кој се надевам дека Собранието ќе го усвои.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на претседателот на Комисијата за објаснувањата.

За збор се јави господинот пратеник Благој Стојковски.

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани колеги пратеници, почитувани министри, немав намера да се јавам за збор, иако станува збор за Управен одбор на "Медицинскиот центар" - Куманово. Меѓутоа, претседателот на Комисијата во своето излагање така направено го спомна и моето име, па еве сакам нешто да кажам.

Прво, во Комисијава има изградено принципи не од џентлменство, не од волја туку од една парламентарна демократија, учество во органите на Парламентот е одредено според бројот на пратеничките места. Во периодот 1994 - 1998 година немаше претставници на ВМРО-ДПМНЕ во Парламентот, па затоа не беа во ниеден управен одбор. Сега сакале или не сакале има пратеници на СДСМ во овој Парламент и учеството во овие тела беше загарантирано и од координаторот на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, тој стана јавно и кажа дека овде се работи за развој на парламентарна демократија и во сите овие органи тоа ќе биде застапувано. Не се работи за извршната власт за Владата, која поставува свои управни органи, во кои опозицијата го нема тоа право да биде и во тие управни одбори да кажам дека сите се со надоместоци, се плаќа, додека во овие управни одбори во "Медицинските центри" нема надоместоци, таму волонтерски се обавува работата.

Незнам зошто и од кои причини во оваа комисија не се стави човек од опозицијата, иако на првата седница на Комисијата се заклучи дека треба да има еден човек и како претставници од Куманово, претседателот и јас како пратеник, стана договор на целата комисија да дадам три имиња од опозицијата, кои ќе бидат ставени во оваа комисија. Меѓутоа, утре ден се свикува Комисија, бидејќи на првата седница и членови на владеачката коалиција рекоа дека не е во ред, дека треба да има опозиција, меѓутоа утре се свикува и со еден глас нормално повеќе, што е и силината, ако е во тоа силината во дигање на прсти, се избра оваа комисија.

Немав намера да станувам и да дискутирам, меѓутоа морам да кажам и една работа. "Медицинскиот центар" во Куманово, не знам дали е во катастрофална финансиска ситуација, уште помалку знам дека е во катастрофална кадровска состојба, бидејќи тој "Медицински центар" има многу успешни резултати во изминатиот период и јас не сум надлежен овде да ги ценам тие резултати, ниту сакам да прифатам некои напишани писанија за да ги прочитам овде. Дали се кадровските работи добри не навлегувам во тоа само знам дека директорот сега што е ставен таму е 7-8 месеци пред пензија, но нема ништо од тоа. Тоа си е право на позицијата и не изнесувам никакви резултати, кои се лоши или се добри. Таму "Медицинскиот центар" имаше свои резултати, тие резултати ги ценеа надлежните органи.

Јас не сум тој надлежен орган да ги ценам и не сакав да водам полемика. Сакам само да кажам дека оваа позитивна енергија во развојот на демократските принципи, еве како се спроведува.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Благој Стојковски.

За збор се јави господинот пратеник Љубен Пауноски.

**ЉУБЕН ПАУНОСКИ:**

Почитуван претседателе, колеги пратеници, јас се сеќавам дека зборувавме за оваа тема и се сеќавам дека и јас споменав дека воопшто не е спорно учеството и на опозицијата, во овој случај во изборот на управните одбори или пак делегации кои треба да соработуваат со Парламенти или било кои други делегации и групи кои ги формира Собранието.

Меѓутоа, во никој случај не кажав дека тоа е гарантирано право и правило за опозицијата. Доколку одиме процентуално, ако направиме некои пресметки, можеме да видиме да не излезе после тоа дека и премногу е правото на опозицијата, според нејзиниот процент во Парламентот, застапено. Можеби и тоа да го направи оваа Комисија, Комисијата да направи една анализа и да ја достави. Јас зборував дека има право на тоа, но во никој случај тоа да биде гарантирано право. Ако имаме 100 управни одбори, ако 10 од нив поради проценка која беше спомената, некаде ќе биде изедначен бројот и со месеци не ќе може да се донесе некоја одлука, што е битна за раководењето на таа институција, всушност да се прави блокада. Тоа се добрите намери.

На крајот на краиштата, смислата на парламентарната демократија - токму тоа тогаш го говорев - е следното: ако во еден Парламент има над 70 или 80 пратеници кои ја прават коалицијата, процентот е многу јасен, односно и поставеноста ќе биде многу јасна. Јас мислам дека вакви примери до сега беа истакнати неколку, но и таа анализа не е лошо да се направи, ако излезат условно велам од 100 вакви управни одбори, ако излезат 5 или 10, ќе станат бесмислени овие расправи. Така што генерално давање право на ова, многу добро се сеќавање, дека не сум го говорел тоа и не сум го дал во име на пратеничката група, инаку во принцип мислам дека така функционираме. Сме имале повеќе такви примери и случаи од формирањето на Парламентот, од понудата за повеќе потпретседатели да има ова Собрание, што не беше прифатено, условувања со некои други работи, потоа се пристапи кон формирање на тие делегации за соработка и тука се дефинираа работите, таа меѓу парламентарна соработка и т.н., па до ситуации кога претставник на опозицијата ќе биде спречен да патува на некој меѓународен собир, што е битен за работата на Парламентот, па успеавме да се договориме дека може да го замени член на партија од опозицијата, кој не е член на соодветната комисија, така што во однос на тоа дали би го нарекол џентлменството или како сакате да го наречеме досега сепак пристојно функционирало.

Тоа што беше споменато дека ВМРО-ДПМНЕ во изминатите четири години немаше свои претставници во Парламентот, значи немаше право да бидат застапени во управните одбори, се разбира ако нема свои пратеници во Парламентот, не може тие да бидат застапени, меѓутоа ВМРО-ДПМНЕ како што знаете има многу прецизни податоци со какво членство оперира, а меѓу другото и со симпатизери кои немаат никакви предрасуди да ги сокријат своите симпатии кон ВМРО-ДПМНЕ. Јас немам такви податоци, но доколку некој друг има податоци дека во изминатите четири години макар и симпатизер на ВМРО-ДПМНЕ, бил член на управен одбор, нека го претстави тоа, па многу лесно може тоа да се докаже, бидејќи членовите никогаш не се плашеле да кажат дека се членови на оваа партија, а мислам и симпатизерите.

Ако направиме една анализа, ако во нашава држава има илјада директорски места и ако имаме исто толку началнички места кои ја прават таа раководна структура на институциите на системот од локално ниво до државно, ако имаме барем три, четири или пет пати помножено на тоа управни одбори каде што се членови, тогаш многу е јасно, ако сакаме да зборуваме за таа тема зошто не можел ниеден член на ВМРО да припари во тие управни одбори, бидејќи јасно е дека сето тоа е вклучено со системот. Значи едниот мотив на било кој поединец, која личност, кој граѓанин, кој е вклучен во системот, тоа му значи и тоа да не го потцениме дека тоа истовремено ќе биде па и политички мотив за кој ќе гласа, одредени управни одбори имаат и друго значење, а да не зборуваме за директорските позиции. Така, ниту симпатизер ниту член од ВМРО-ДПМНЕ не е вклучен и не може да се оправда со отсуството во Парламентот на нашата партија, зошто луѓето не биле таму вклучени, а знаеме и како се постапувало, дека немало ни шанса за тоа. Во овој случај застапеноста може да отстапува пет до десет проценти, плус или минус. Сега ако се повикуваме на некое изедначување и израмнување, тогаш можеме

да се вратиме назад, пред два или три месеци за повикувањето да се направи Влада на национален спас, поради нечие наоѓање и тогаш да направиме еден монолитен систем или да се вратиме во некој друг систем. Смислата на парламентарното функционирање е токму тоа. Оваа дискусија беше и тогаш зборувана и ова повикување не е точно, можеме да ги побараме стенографските белешки.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Љубен Пауноски.

Повторно за збор се јави господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Нам овој метод не ни се допаѓа, меѓутоа бројот на гласовите во ова Собрание е на ваша страна. Ако ништо друго од овој момент работите се чисти и тоа е кристално кажано дека вие ќе учествувате, меѓутоа тоа нема да ви биде гарантирано.

Јас не знам само зошто беше потребно од страна на претседателот на Комисијата со така жолчни зборови да се нафрли врз опозицијата и да се каже дека придонесот на опозицијата во досегашниот период е нула, дека ние имаме демагогија, шириме демагогија во врска со нашиот придонес во работата и дека ние ништо друго не правиме освен што правиме опструкција во работата, а сега слушнавме дека сме во државата општо земено многу застапени и дека тоа треба да се редуцира. Ние таа логика не ја прифаќаме, меѓутоа ние ќе бидеме принудени да ја прифатиме таа логика со силата на бројот на ова Собрание и тоа е совршено јасно.

Меѓутоа, денес веќе јасно ставаме на знаење дека она што нема да го прифатиме е да бидеме инструментализирани, па коалицијата да одредува дали и колку ќе ни биде гарантирано, а колку не затоа што за наше учество некаде треба и наша согласност, што значи, а ова е веќе јасен знак дека нашето учество не е гарантирано и дека тоа ќе биде дозирано таму каде што ќе се процени дека треба. Од сега натаму и Пратеничката група на СДСМ ќе ги оценува понудите на ова Собрание, за наше учество такво какво што е минорно во секоја институција која ја избираме, па ние ќе oцениме дали ова Собрание ќе учествува и со опозиционо мислење на некои од телата внатре или надвор до Собранието, затоа што ова веќе јасно стави до знаење дека од сега коалицијата ќе управува колку опозицијата ќе учествува.

Тоа не е во рамките на достоинството кое СДСМ може да го прифати и затоа за нашето учество, покрај тоа што ќе ни се укажува до каде ни е гаранцијата, до каде не, ќе учествуваме и самите во тоа одлучување, па може да се случи од некои од нив да се повлечеме, од некои да не се повлечеме, меѓутоа тоа нема да зависи од коалицијата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Поповски Никола.

Повторно за збор се јавува Пауновски Љубен.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Видете, јас го прочитав овој Извештај, во него убаво стои дека 8 членови гласале за предлогот на Комисијата, 2 се против, а еден е воздржан. Сега не знам што можеме друго да направиме. Тогаш, Парламентот треба да направи некои сериозни промени за поделба во еден дел од функционирање на смислата на парламентарното функционирање, да го постави опозиција - позиција, надвладување со ставови, со мислења и спроведување на многу нешта, а еден друг, паралелен дел, да донесе усогласување и израмнување на работите изнивелирање, според потребите на работите.

Ако овде, над 70 пратеници се договориле за неколку основни принципи што ги поврзуваат врз основа на кои ќе работат во својот мандат и ќе бидат одговорни во законодавниот дом за водењето на државата тие, истовремено мора да ја понесат одговорноста не само во Парламентот, туку и надвор од него. Примерот со управните одбори е само еден дел. Ако одиме да ги изнивелираме работите рамноправно, тогаш ние ќе ја изгубиме, ова мнозинство ќе ја изгуби одговорноста таму на тој терен. И, не може секаде тоа правило да биде застапено.

Затоа велам, ако се 100 управни одбори, а ако се 5-10% отстапувања поради одредени, на некои факултети три или четири месеци се влече процедурата за избор на деканот, затоа што еден претставник е на опозицијата, еден е на позицијата и не може да се донесе никаква одлука. Ако се работи за тој процент, тоа е сосема разбирливо. Но, да не е обратно, да е 90% случаи да биде апсолутно мнозинство, што ни одалеку не е така. Е сега, можеме да полемизираме тука во контекст на демократичноста или на сегашната позиција или не, или во контекст на правење на политички маркетинг на партиски маркетинг.

Меѓутоа, смислата на нештата е следна, овие седумдесет и неколку пратеници истовремено се одговорни за се што е во надлежност на донесување на нивни одлуки, а за функционирање на тие интерни мали системи од целината на системот. Ако се згреши поставеноста, работата, врз основа на овие одлуки, тогаш ќе бидеме подготвени да ја трпиме критиката.

Смислата е таа. По таа смисла одлуките на Владата за донесување, поставување на разни одговорни позиции или организирање на целиот систем, мора да ја понесе. Во тој случај таа не може да се сведе на задоволството, затоа што е седната на тронот, а работата да ја препушти на опозицијата.

Мислам дека тоа никаде не функционира така. Мора да ја сноси конкретната одговорност. Па, ако се прават грешки, тогаш ќе одговараме. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ви благодарам.

Само, да не одиме многу во реплики, повторно се јави Поповски Никола.

Знаете, јас би имал еден предлог, ако можеме да привршиме, затоа што од збор на збор далеку ќе отидеме, а се работи за една институција, која што повеќе како исклучок го потврдува правилото.

Правилото беше добро и во иднина јас мислам дека тоа правило ќе се почитува.

Овде е само еден исклучок и од овој исклучок сега да не правиме правило и да го поништуваме сето она што до сега беше во сите други институции, каде што учествуваа претставниците, односно пратениците од опозицијата.

Јас не знам, дали околу ова сега да водиме големи расправи и дебати пред граѓаните и да го поништиме сето она што до сега макотрпно, но успешно го направивме.

Навистина успешно го направивме. Ова е еден исклучок кој што, еве како што гледате веќе кажува дека правилото добро функционирало секаде.

Но добро, повелете господине пратеник, имате право.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, дозволете прво да дадам, веќе станува генерална забелешка, а тоа е кога пратеник од опозицијата бара реплика, Вие цело време го користите тоа да коментирате да: немојте веќе, па доста е, а кога пратеник и повторувате веќе, јас барам од Вас корекција, устален термин "еве повторно бара тој пратеник", а кога бара пратеник од коалиционото мнозинство збор за реплика, како сега, Вие без поговор кажувате само "господинот Љубен Пауновски". После за нас задолжително коментирате дека ние повторно бараме и досаѓаме.

Ве молам, да имаме воедначен однос.

Или на сите да се кажува истото или на сите.

Второ, мислам дека со второто јавување работите стануваат уште по јасни. Господинот Пауновски инсистира на целосно преземање на одговорноста. Ние на тоа нема да се спротивставиме, зашто не можеме. Повелете, превземете ја целосно одговорноста.

Меѓутоа, кога ја презмата целосно одговорноста, немојте како на минатиот пат да кажувате - Вие во некои работи не учествувате, Затоа што имам впечаток дека Вие сакате ние да учествуваме само таму каде вам ви треба. Тоа е ваше легитимно право и нормално е да го барате така.

Меѓутоа, не очекувајте дека на сите тие покани ние ќе учествуваме.

Ние, со оглед дека станува јасно дека се инструментализира оппзицијата, овој пат станува збор за Управен одбор во Куманово каде има четири надворешни члена, каде ние бараме еден и каде 3:1 е однос кој не може да биде надгласан и каде што во Куманово, според изборните резултати и на локално и на парламентарно ниво од 1990 до денеска, СДСМ има забележителни резултати.

Затоа сакаме да учествуваме во тој Управен одбор. Затоа што таму имаме соодветни изборни резултати.

Меѓутоа, ова е сега ограничено со мнозинството, што го прифаќаме, затоа што е тоа согласно со Уставот на оваа држава, да се ограничи. Меѓутоа, нема да прифатиме да се инструментализираме. И, од сега натаму, ние ќе одлучуваме за нашето учество. Благодарам.

**САМО КЛИМОВСКИ:**

Ви благодарам.

Дали уште некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За Одлуката гласаа 61 пратеник, нема воздржани, а 12 се против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација "Медицински центар" - Куманово.

Минуваме на точката 24 - Информација за производството и пласирањето на раноградинарските култури во 1999 година во Република Македонија.

Таа точка знаете дека ја ставивме на почетокот на дневниот ред, ја прифати Владата и Информацијата Ви е доставена.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор?

Збор побара пратеникот Спанаков Ристо.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани членови на Влада, почитувани пратеници.

Дозволете ми да му се заблагодарам на министерот што прифати да ја стави оваа точка на дневен ред и да расправаме по истата. Да се заблагодарам на брзата реакција на Владата за изготвување на оваа информација.

Сакам да укажам на одредени работи што се случија во врска со откупот и пласманот на раноградинарските производи и истата Информација во овој момент можам и да ја дополнам со одредени нови сознанија.

Во меѓу време, по добивањето на Информацијата јас имам дополнителна информација дека во периодот за кој што побарав да биде изготвена, дополнително во Комбинатот "Зора" од Гевгелија, се откупени и преработени некаде околу 800 тони домати, а до денешен ден мислам дека е тоа некаде околу 1000 тони и повеќе. Претпоставувам дека е така, затоа што се до овој момент, додека не се отворија пазарите во СРЈ и на Косово, додека не заврши кризата таму, проблемот беше актуелен.

Мислам дека го поставивме токму на време, иако во медиумите, на други места, бев критикуван, еве барам нешто што е веќе поминато, извршено и т.н. Јас одговорив само со единствена работа дека за сите проблеми што ќе се јават во тој домен, ќе проговориме јавно и гласно од говорницата во Собранието на Република Македонија.

Информацијата што е изготвена ги задоволува критериумите за да биде сместена во рангот на Информации, укажува на производството што е од оранжерискиот дел, пластеници и т.н., укажува на очекуваното производство, на досегашниот пласман и на очекуваните ефекти што од тоа требаше да бидат постигнати. Така што, се укажува на тоа дека до 16 јуни поголеми количини од овие производи се пласирани во Босна и Херцеговина, во Југославија, во Словенија, во Република Хрватска и понатаму, а се укажува и на тоа дека со Законот за царинска тарифа е обезбедена заштита на овој производ со прелевмани и т.н., што сето укажува на тоа дека оваа Влада има намера да води сметка за своите земјоделци.

Сакам да укажам и на тоа дека ја побарав Информацијава, дадов и предлог - мерки што уште повеќе, односно ако ништо повеќе требаше да го ублажат овој проблем што се појави и во тие предлог – мерки, побарав да има субвенции за тој производ, посебно за тие земјоделски производители, кои својот производ мораа да го дадат во земјоделските комбинати по извонредно ниски цени, цени што не овозможуваат буквално кажано да опстанат да ги покријат основните трошоци за производството, а камоли да заработат нешто повеќе.

Втората работа што ја побарав, веројатно Владата подготвила и таква информација и веројатно ќе ја добиеме, а можеби на оваа седница и министерот да даде конкретни податоци околу овие предлог мерки што ги дадов, дали разговарале и дали има донесено такви предлог - мерки? Би бил благодарен доколку тоа се случи.

Втората мерка што ја побарав, беше земјоделските производители од тој крај да бидат ослободени од плаќање воден надомест и тоа не само по овој основ. Земјоделските производители од тој крај имаат право да бидат ослободени од плаќање на воден надомест и по други основи.

Прво, да им се признае тоа право, бидејќи во периодот кога беше предвидувана изведба на браната на Коњско, жителите од тој крај издвојуваа средства за изградба на тој објект, а тие средства понатаму беа пренасочени кон ХМС "Стрежево", така што сметам дека тие граѓани од тоа подрачје го имаат, ако можам така да кажам, тоа морално и материјално право.

Истовремено, кога се задржавме на ова, би сакал да укажам и на следнава работа дека, хидросистемот во Гевгелија, мелиоративниот систем за наводнување е стар, застарен, отворен систем каде што загубите на вода се огромни. Затоа, земјоделските производители се принудени да плаќаат многу повисоки цени за наводнување на земјоделските површини, за разлика од оние делови во државата каде што имате изградени хидромелиоративни системи со систем "шибер", така што потрошувачката на вода таму се знае колку е и како е.

Гледано од тие аспекти, заедно со сето ова што во меѓувреме се случува со земјоделските производители во тој регион, мислам дека оваа Влада сериозно ги разгледува овие работи и дека адекватно ќе одговори на барањата на земјоделците, а не само јас како пратеник. Јас само ги претставувам нивните права овде и од тој аспект апелирам до Владата да ја донесе таа одлука, со која што ќе можеме да излеземе пред тие земјоделци и да им кажеме дека оваа држава води сметка за нив.

Разбирам дека ситуацијата со беспарицата во сите сегменти на државата е присутна, меѓутоа мислам дека оваа Влада треба да има поголем слух за земјоделските производители во тој регион.

Понатаму, би сакал да додадам само уште една работа, тоа се штетите од последиците на невремето што Гевгелија и Гевгелиско ги зафати оваа година. Мислам дека на една седница побарав информација во врска со тие штети. Таа Информација ја добив, како се настанати, колку се настанати, што се настанати, меѓутоа за предлог - мерките Владата се уште не се изјаснила.

Јас молам, уште еднаш во оваа прилика Владата повторно да ја разгледа таа информација. Мислам дека се работи некаде за околу 600 фамилии земјоделски производители, кои во тој период биле оштетени, не можеле да го пласираат своето производство, било тотално уништено, руинирано или не можеле ништо да профитираат од него. Мислам дека тие земјоделски производители повторно се наоѓаат во една ваква слична ситуација, и мислам дека сепак ќе најдеме разбирање за нивните проблеми.

Затоа, уште еднаш да ја искажам мојата благодарност што министерот дозволи оваа информација да излезе како точка на дневен ред, да укажеме и по истата да расправаме. Ви благодарам.

(Во отсуство на претседателот, со седницата продолжи да раководи потпретседателот на Собранието на Република Македонија, господинот Илјаз Халими).

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот.

Дали некој друг бара збор ? (Не бара).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

1. Собранието на Република Македонија ја усвои Информацијата за производството и пласманот на раноградинарските култури во 1999 година во Република Македонија.

2. Овој заклучок, заедно со стенографските белешки од расправата од седницата на Собранието на Република Македонија, да се достави до Владата на Република Македонија и до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Молам, да гласаме.

За предложениот заклучок гласаа 65 пратеници, воздржани нема, а двајца пратеници се против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Дваесет и втората седница на Собранието на Република Македонија.

Со Дваесет и првата седница ќе продолжиме на една од наредните седници, што накнадно ќе се закаже. Ви благодарам.

(Седницата заврши со работа во 15,55 часот).